# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 декември 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 15,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Вчера од координаторот на Пратеничката група на СДСМ беа ставени забелешки дека има многу амандмани по Предлог-буџетот за кои е потребно да се видат попрецизно, а многу се, за да може по секој амандман да се изгради став на пратениците. Тоа се однесуваше на вчерашната седница.

Верувам дека не е многу помината работата со бројот на амандманите и со сложеноста на материјата.

Во разговорот со господинот министер провејуваше едно разбирање за овој аргумент, а исто така и за потребата да се погледнат сите амандмани попрецизно и од страна на Владата. Според тоа, можеби е подобро денес ние да видиме дали има некој закон од исклучително важност денес да го донесеме, а врзан за Буџетот, а Буџетот да го оставиме за после Нова Година сите да се добро подготват и во секој амандман да влеземе со една сигурност навистина да знаеме што работиме.

Има збор министерот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во разговорот јас сватив расправата по Предлог-буџетот да се одложи за утре а не за после Нова Година. Би било многу подобро доколку е можно да го усвоиме Буџетот пред Нова Година, бидејќи ќе влеземе инаку во зона на времено финансирање, што не е катастрофа, но не е пожелно за нас. Можеби утрово, денес во текот на денот амандманите биле разгледани, нема многу нови, така што да ја разгледаме можноста, мислам повеќе од два часа нема да трае таа расправа, околу 45-50 амандмани се, па би можеле и денес Буџетот да го донесеме, или најдоцна утре, но утре дали ќе се соберат пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ќе го кажам моето мислење.

Ако можеме ние денес и утре да го донесеме Буџетот, да го донесеме. Но, ако не можеме, а навлеземе во тоа, тоа е многу лошо, бидејќи ќе ни се обноват амандмани, за сите сега амандмани што ќе бидат одбиени и од почеток во јануари ќе имаме цела претстава. За Буџетот во пакет се прави тоа, заправо да почнеме и да го донесеме. Ако има издржливост ние денес да работиме и утре да го донесеме Буџетот.

Дали има спремност за тоа? (Има).

Продолжуваме со расправа по втората точка - Предлог на буџетот на Република Македонија.

Пратеничките Весна Јовановска и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Во меѓувреме пратеникот Гулистана Марковска поднесе амандман за менување на насловот на Раздел 09008, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 3 Раздел 19101 Програма 1.1. ставка 423 подставка 423211 и подставка 423214, на Раздел 19101 Програма 1.1.ставка 425 за внесување нова под-ставка 425111 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 подставка 427119 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Миланчо Черкезов поднесе амандман на член 3 Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 420 подставка 420121, Раздел 09001 Програма 1.1. ставка 420 подставка 420122, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 420 подставка 420123, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 423 подставка 423112, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 424 подставка 424111, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 426 подставка 426511, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 426 подставка 426716, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 463 подставка 463212, Раздел 08001 Програма 1.2, ставка 426 подставка 426211 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 467 подставка 467121, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аслан Селмани поднесе амандмани на член 3 Раздел 12101 Програма 1.2. ставка 467 за додавање нова подставка по подставката

467121 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 467 подставка 467121 и на член 3 Раздел 14001 Програма 1.1. ставка 426, за додавање нова подставка по подставката 426311 и на Раздел 14001 Програма 1.1. ставка 426 подставка 426311 и истите ги повлече.

Пратеникот Аслан Селмани поднесе амандман на Раздел 14001 Програма 1.1. ставка 426 за додавање нова подставка по подставката 426311 и на Раздел 14001 Програма 1.1. ставка 426 подставка 426311, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Талевски поднесе амандман на член 3 Раздел 28001 Програма 1.1. ставка 467 подставка 467211 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 471 подставка 471113, по кои Владата не се произнела.

Кон амандманот на пратеникот Александар Талевски се приклучија пратениците Гулистана Марковска, Михајло Георгиевски, Васил Ефтимов, Панде Томов и Горанчо Трајков.

Пратеникот Ристо Спанаков поднесе амандман на член 3 Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 420 подставка 420121, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 420 подставка 420122, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 420 подставка 420123, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 423 подставка 423112, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 424 подставка 424111, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 426 подставка 426511, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 426 подставка 426716, Раздел 08001 Програма 1.1. ставка 463 подставка 463212 и на Раздел 08001 Програ-ма 1.1. ставка 426 подставка 426211, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Жарко Караџоски и Трајко Гешоски, Рената Керпичоска-Бошеска, Кирил Настески и Звонко Мирчески поднесоа амандман на член 3 Раздел 13001 Програма 1.1. ставка 472 подставка 472112 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 подставка 427119, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 16001 Програма 1.2. ставка 421 подставка 421111 и на Раздел 04001 Програма 1.2. ставка 426 подставка 426511, поднесен од Комисијата за образование и накуа.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по анандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници.

За гласале 18 пратеници, воздржано 10, а против гласале 39 пратеници.

Коснтатирам дека амандманот не е усвеон.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 16001 Програма 1.3. ставка 421 подставка 42111 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 443 подставка 443314, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ПРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници.

За гласале 21 пратеник, воздржани 11 и против гласале 37 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 16001 Програма 1.4. ставка 427 подставка 427111 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 443 подставка 443717, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој Бара збор?

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Знаете дека во општата расправа дадовме доволен број на аргументи зошто Комисијата за образование и наука едногласно ги поднесе овие три амандмани кои се однесуваат на исти подставки. Само сакам да укажам на тоа дека министерот амандманите ги одбива без никакви аргу-менти, имајќи ја предвид силната аргументација и реалните потреби кои се содржани и во извештајот од Комисијата, поддржани едногласно од сите членови на

Комисијата и дополнети со образложението, како што влегло во јавната расправа. Не би сакал да помислам дека е нешто друго, а не заради тоа што има аргументација за одбивање, министерот ги одбива овие амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали уште некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници.

За гласале 21 пратеник, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 31 пратеник.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 16001 Програма 1.2. ставка 443 подставка 443514 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 443 подставка 443314, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници.

За гласале 23 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 34 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ: (Продолжение)**

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 16001, Програма 17, ставка 443, потставка 443714 и на Раздел 09002 Програма 12, ставка 467, потставка 467112, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, "за" гласале 18 пратеници, "воздржано" гласале 5 пратеници, "против" гласале 36 пратеници.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата има 59 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што треба да работиме.

Сега во салата присутни се 65 пратеници.

Сега мораме да го повториме гласањето по амандманот на член 3, Раздел 16001, Програма 17, ставка 443, потставка 443714 и на Раздел 09002 Програма 12, ставка 467, потставка 467112, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеници, "за" гласале 20 пратеници, "воздржано" гласале 10 пратеници, "против" гласале 41 пратеник.

Констатирам ека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 16001, Програма 12, ставка 468, потставка 468111 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 443, потставка 443314, поднесен од Комисјата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот на се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, "за" гласале 16 пратеници, "воздржано" гласале 13 пратеници, "против" гласале 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 118010, Програма 11, ставка 443, потставка 443611 и на Раздел 14001, Програма 11, ставка 471, потставка 471114, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот на се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, "за" гласале 16 пратеници, "воздржано" гласале 13 пратеници, "против" гласале 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 180010, Програма 15, ставка 443, потставка 443615, и на Раздел 13001, Програма 11, ставка 467, потставка 467121, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот на се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Господин Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Благодарам.

Ќе се обидам да бидам краток, меѓутоа се работи навистина за една парадоксална ситуација во која културата постојано запаѓа во изминативе 10 години од осамостојувањето на Република Македонија. Од една страна имаме постојано декларативно поддржување и ориентација за една подолгорочна стратешка, би рекле, политичка определба за поддржување на културата од владеачките партии во претходната култура и сега, а обратно на тоа се случува еден постојан тренд на загрозување и на

намалување на општествениот статус и со тоа конкретно изведено преку материјалниот статус на културата.

Ние знаеме дека и во самиот закон за културата, културата е окарактеризирана како темелна вредност на Република Македонија, а од друга страна постојано во овие години материјалниот статус се намалува од година во година. Карактеристично е тоа што скоро е единствено мислењето и на луѓето во областа на културата, меѓутоа и на сите учесници во политичкиот живот на Република Македонија во воие 10 години, дека материјалниот статус, за да може културата, што се вика да преживее, мора да се движи и постојано да оди во еден прогрес од прилика кон 3% од вкупните трошоци на Буџетот во Република Македонија. Во овие 10-тина години ние се соочивме со варирање и постојано намалување на вкупната сума која што се одвојува во Буџетот за културата. Така што, имавме еден тренд, кој што практично значеше постојано опаѓање и во својот максимум тој е некаде, ми се чини дали беше во 1998 година достигна до 2,56, за понатаму да има тренд на опаѓање одеше на 2,34, минатата година се најде на стапка од 2% од вкупните трошоци на Буџетот на Република Македонија. Навистина, практично, се доаѓа до една негација би рекол на глобалната политичка определба, конкретно сега во овој случај на оваа Влада, затоа што во своите декларирања и во своите намери да се донесе еднаш конечно, значи после 3 години од усвојување на Законот за култура, да се донесе и националната програма за културата, која што практично првенствено треба да се базира, ако имаме намера таа програма да биде успешна, треба да се базира врз подобрување на материјалниот статус, пред се, на материјалниот статус во културата.

Ние, во Комисијата за култура, иако искажавме апсолутно разбирање за тешката материјална ситуација и економска, во која се најде Република Македонија заради воените дејствија, заради севкупната безбедносна ситуација, сепак, скренавме внимание дека треба да се направат максимални напори, ако ништо друго, барем да не се отиде во намалување на

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеници, "за" гласале 20 пратеници, "воздржано" гласале 10 пратеници, "против" гласале 41 пратеник.

Констатирам ека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 16001, Програма 12, ставка 468, потставка 468111 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 443, потставка 443314, поднесен од Комисјата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот на се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, "за" гласале 16 пратеници, "воздржано" гласале 13 пратеници, "против" гласале 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 118010, Програма 11, ставка 443, потставка 443611 и на Раздел 14001, Програма 11, ставка 471, потставка 471114, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот на се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, "за" гласале 16 пратеници, "воздржано" гласале 13 пратеници, "против" гласале 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 180010, Програма 15, ставка 443, потставка 443615, и на Раздел 13001, Програма 11, ставка 467, потставка 467121, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот на се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Господин Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Благодарам.

Ќе се обидам да бидам краток, меѓутоа се работи навистина за една парадоксална ситуација во која културата постојано запаѓа во изминативе 10 години од осамостојувањето на Република Македонија. Од една страна имаме постојано декларативно поддржување и ориентација за една подолгорочна стратешка, би рекле, политичка определба за поддржување на културата од владеачките партии во претходната култура и сега, а обратно на тоа се случува еден постојан тренд на загрозување и на намалување на општествениот статус и со тоа конкретно изведено преку материјалниот статус на културата.

Ние знаеме дека и во самиот закон за културата, културата е окарактеризирана како темелна вредност на Република Македонија, а од друга страна постојано во овие години материјалниот статус се намалува од година во година. Карактеристично е тоа што скоро е единствено мислењето и на луѓето во областа на културата, меѓутоа и на сите учесници во политичкиот живот на Република Македонија во во тие 10 години, дека материјалниот статус, за да може културата, што се вика да преживее, мора да се движи и постојано да оди во еден прогрес од прилика кон 3% од вкупните трошоци на Буџетот во Република Македонија. Во овие 10-тина години ние се соочивме со варирање и постојано намалување на вкупната сума која што се одвојува во Буџетот за културата. Така што, имавме еден тренд, кој што практично значеше постојано опаѓање и во својот максимум тој е некаде, ми се чини дали беше во 1998 година достигна до 2,56, за понатаму да има тренд на опаѓање одеше на 2,34, минатата година се најде на стапка од 2% од вкупните трошоци на Буџетот на Република Македонија. Навистина, практично, се доаѓа до една негација би рекол на глобалната политичка определба, конкретно сега во овој случај на оваа Влада, затоа што во своите декларирања и во своите намери да се донесе еднаш конечно, значи после 3 години од усвојување на Законот за култура, да се донесе и националната

програма за културата, која што практично првенствено треба да се базира, ако имаме намера таа програма да биде успешна, треба да се базира врз подобрување на материјалниот статус, пред се, на материјалниот статус во културата.

Ние, во Комисијата за култура, иако искажавме апсолутно разбирање за тешката материјална ситуација и економска, во која се најде Република Македонија заради воените дејствија, заради севкупната безбедносна ситуација, сепак, скренавме внимание дека треба да се направат максимални напори, ако ништо друго, барем да не се отиде во намалување на Буџетот за култура, кој што минатата година веќе дојде на ниво од 2%, кој што е еден минимум и кој што ги загрозува дури и виталните функции во скоро сите дејности од областа на културата. Што е најчудно, до крај се совпадна мислењето на Комисијата за култура со мислењето на Министерството за култура, што покажува практично на една несинхронизираност, неусогласеност, што навистина не зачудува, што претходно не е дојдено до едно усогласување внатре во самата Влада, затоа што и Министерството за култура укажува, поготово на неколку пунктови, каде што во поедини дејности со намалување на материјалната база, практично, би било буквално доведени во прашање виталните функции во тие дејности.

Затоа, ние се определивме во согласност со Министерството за култура да предложиме 4 амандмани, каде што би се зголемиле средствата во областа за издавачка дејност и тоа за 20 милиони денари. Потоа, во областа за заштита на споменици на културата за 11 милиони. Во областа за ликовна и музејска дејност 5 милиони и во областа за културно уметничките манифестации за 2 милиона. Значи, не се работи за некоја, навистина голема сума, тоа е некаде околу 38 милиони денари, поточно околу од прилика 600 илјади евра. Меѓутоа, таа сума во овој случај за културата би значела многу, затоа што би ги одржала тие витални функции во овие области.

**СТОЛЕ ПОПОВ:** (Продолжение)

Од тие причини, навистина би сакал да замолам и да апелирам до колегите пратеници да ги поддржат предлог амандманите на Комисијата за култура и еднаш навистина да се одлепиме или да се совпаднеме, би рекол, со оние наши формални и декларативни определби за значењето на културата во Република Македонија и да дадеме соодветен одговор, дека навистина тоа го мислиме и поддржуваме да најсуштествениот дел, врз основа на што треба да се базира перспективата или опстојувањето, во овој случај на културата, тоа е едно минимално зголемување на материјалниот дел и задржување на материјалниот статус, барем на нивото на минатата година. Затоа што овие средства што недостасуваат навистина се земени буквално од програмскиот дел на дејностите, каде што директно се оштетуваат луѓето кои работат на создавањето на културата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 19 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 32 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 18010, Програма 16, ставка 443 потставка 443616 и на Раздел 09004 Програма 11 ставка 469 потставка 469112 поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господнот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 23 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 37

пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 18010 Програма 17 ставка 443 потставка 443617 и на Раздел 10001 Програма 12 ставка 427 потставка 427122 поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господнот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 15 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 40 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 Програма 11 ставка 426 потставка 426511 и на Раздел 04001 Програма 12 ставка 426 потставка 426411 поднесен од пратеникот Златко Стојменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господнот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани членови на Владата,

Можеби ова не е најсреќната варијанта за избирање за нажин на финансирање на една ваква активност, како што е оваа меѓународна активност на Република Македонија, меѓутоа во ситуација каква што е нашата економска ситуација можеби и ова е нажинот да се добијат парите, соодветно да се презентира државата во ваква ситуација.

Имено, се работи за тоа дека од 1 јануари 2002 година Република Македонија ќе има голема чест и значајна политичка позиција да биде претседавач на Центгрално европската иницијатива. Парламентот на Република Македонија ќе биде претседавач на таа иницијатива што се случува еднаш на 17 години, а членките се менуваат на една година.

Сметаме дека оваа обврска треба да се искористи за пласирање на нашите политички ставови и градење на мислење за меѓународната политичка ситуација на Република Македонија. Од тој аспек сметам дека средствата треба да бидат обезбедени, можеби преку амандман на овој начин, можеби и на друг начин, меѓутоа сметам дека еден ваков амандман ќе укаже на Министерството за финансии и на Владата на Република Македонија дека ќе мора да води сметка за оваа финансиска ситуација, бидејќи вложување во презентирање на Република Македонија во меѓуанродната политика и ваквиот начин на презентирање на нејзините позиции и лобирање во европски размери, преку можноста да биде претседавач на ваква значајна меѓународна регионална организација е момент што треба Република Македонија цврсто да го приграби и да го искористи.

Ние имаме обврска, нагласувам обврска во Скопје, како Парламент да организираме парламентарен комитет и на есен парламентарно Собрание на Централно европската иницијатива овде во Скопје, во Парламентот на Република Македонија и тоа се состојби кога мораме, согласно на обврската што ја преземаме да ги организираме, а за тоа ќе требаат финансиски средства.

Со цел за поуспешно организирање на овие манифестации уште еднаш апелирам до Владата на Република Македонија да размисли за ваквата позиција и евентуално, со неприфаќање на амандманот и неизгласување од Парламентот, треба да се размислува во тој правец, да се размислува интензивно, бидејќи Македонија ќе треба доста да се презентира во меѓународни рамки.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 19 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 14002 Програма 11 ставка 424 потставка 424613 и на Раздел 19301 Програма 11 ставка 443 потставка 443813 поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господнот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, за гласале 27 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 38 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на текстот на Педлогот на буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2002 година, во Општи дел, член 1,1 вкупни приходи и на алинеја 2 и во II вкупни расходи и на алинеја 1 поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на текстот на Предлогот на буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2002, на член 2 вкупни приходи, категорија 74 трансфери и донации ставка 741 и потставка 741111 и на расходи ставка 441 поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господнот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на текстот на Предлогот на буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2002 година на член 3 II посебен дел во група 4413 потставка 441322 и на потставка 441317 поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господнот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001, ставка 401 потставка 401111 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443314 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Фатмир Етеми и Аслан Селмани.

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господине министре,

Поднесени се тука 26 амандмани. Идејата и целта беше, знаеме дека ниту овој пратенички состав нема да му успее тоа што треба да се направи во Собранието, да се разграничи буџетот на претседателот на државата, буџетот на Парламентот, буџетот на Владата и буџетот на независното судство. Не успеавме и во овој мандат.

Мојата идеа беше да се обезбедат средства за подобро

функционирање на Собрание на Република Македонија. Сведоци сме затоа што при крајот на годината, тековната година, Парламентот влезе во обврски и овие амандмани јас ќе ги повлечам од името на тројцата предлагачи, затоа што во концептот го нарушуваме целиот буџет. Зафаќањата се од реформата за јавната администрација и комплетно ќе го нарушиме буџетот.

Има информација и држи до зборот министерот за финансии дека адекватно, скоро на сите овие 26 амандмани се прават сега, во меѓувреме девет амандмани ќе бидат предложени од некој пратеник, во принцип се согласуваат, па во принцип ги повлекуваме овие амандмани.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманите поднесени од пратениците Слободан Даневски, Фатмир Етеми и Аслан Селмани, дали другите предлагачи се согласуваат? (Се согласуваат).

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 12101 Програма 11 ставка 424 потставка 424112, ставка 425 потставка 425215, ставка 424 потставка 426511, ставка 426 за внесување нова потставка 426512 по потставката 426 511, ставка 426 потставка 426712 за внесување две нови потставки 461 и 463 и две нови потставки 461211 и 461111 поставката 427 потставката 427117, на Програма 12 ставка 420 потставка 420121, ставка 420 потставка 420122, ставка 420 потставка 420123 ставка 424 потставка 424417 ставка 424 за внесување нова потставка 424418 по потставката 424417, ставка 426 потставка 426316 ставка 426 потставка 426317 ставка 426 потставка 426511 ставка 426 за внесување две нови потставки 426716 и 426811 по потставка 426 712, ставка 427 потставка 427122, ставка 463 за внесување нова потставка 463111 пред потставката 463211, ставка 463 потставка 463211, ставка 463 потстапка 463212 и на Програма 13 ставка 426 потставка 426713 и на ставка 465 потставка 465111 поднесен од пратениците Златко Стојменов, Звонко Мирчески, Ненад Ристевски, Вангел Симев и Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господнот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Го повлекуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на називот на Разделот 09008 поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господнот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 19101 Програма 11 ставка 423 потставка 423211 и потставка 423214, на Раздел 19101 Програма ставка 425 за внесување нова потставка 425111 и на Раздел 09002 Програма ставка 427 потставка 427119 поднесени од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господнот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 08001 Програма 11 ставка 420 потставка 420121 Раздел 08001 ставка 420 потставка 420122 Раздел 08001 Програма 11 ставка 420 потставка 420123 Раздел 08001 Програма 11 ставка 423 потставка 423112 Раздел 08001 Програма 11 ставка 424 потставка 424111 Раздел 08001 Програма 11 ставка 426 потставка 426511 Раздел 08001 Програма 11 ставка 426 потставка 426716 Раздел 08001 Програма 11 ставка 463 потставка 463212 Раздел 08001 Програма 12 ставка 426 потставка 426211 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Миланчо Черкезов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збро, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандмот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, од кои 12 за, 5 воздржано и 39 против.

За да констатираме исто од гласањето, ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

(на местото на претседателот Стојан Андов, со седницата продолжи да раководи потпретседателот Томислав Стојановски)

(службите го проверуваат бројот на присутни пратеници во салата)

Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата, а гласањето не можеме да го прифатиме бидејќи во салата има 55 пратеници.

(повеке пратеници влегуваат во салата)

Ве молам, да го повториме гласањето.

(по гласањето)

Вкупно глсасал 71 пратеник, од кои 17 за, 6 воздржано и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 14001 Програма Иставка 426 за додавање нова потставка по потставката 426311 и на Раздел 14001 Програма 11 ставка 426 потставка 426311, поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Има два исти амандмани, па ако може да ни го кажете износот во амандманот, затоа што има два комплетно исти амандмани со различни износи. Или да ни го кажете бројот на амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине министер, го имате во писмена форма кај вас.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во меѓувреме дознав дека претходните два за кои се сомневав дека има мешаница се повлечени, така што овој амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел од Буџетот на Република Македонија.

Отворам претрес по амандмнот на член 3 Раздел 28001 Програма 11 ставка 467 потставка 467211 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 471 потставка 471113, поднесен од пратениците Александар Талевски, Ѓулистана Марковска, Михајло Георгиевски, Васил Ефтимов, Панде Томов и Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Александар Талески.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници, јас би ве замоли уште еднаш да го прочитаме амандманот, особено образложеието за да ја побараме вашата поддршка, бидејќи со овој амандман ќе му помогнеме многу на Бирото за неразвиени подрачја. Имено, со Законот за поттикнување на стопански недоволно развиени подрачја е утврдено дека поттикнувањето на развојот на овие подрачја се обезбедува од средства од Буџетот на Република Македонија во висина од 1 % од бруто домашниот производ во земјата.

Меѓутоа, предложените средства во Предлог-буџетот за 2002 година навистина се многу мали и се сведени на 50% во однос на средствата од минатата година. Со овие предложени средства ќе се оневозможи нормално функционирање на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја и извршување на неговите задачи. За да се намали јазот меѓу развиените и недоволно развиените подрачја во РМ, и да се создадт услови за нормален живот на населението во тие подрачја, сите знаеме што се случува во овие зимски периоди кога патиштата се затрупани со снег и некои населени места воопшто немаат добри патишта.

Јас би посочил една ретроспектива од минатите буџети. На пример: во Буџетот за 1995 година за Агенцијата за недоволно развиени подрачја се одделени 703 милиони, во 1996 година 903 милиони, во 1997

година 743 милиони, во 1998 година 524 милиони и во 1999 година 503 милиони. Со сегашниот Предлог-буџет овие средства се сведени на околу 300 милиони денари.

Затоа, ги молам моите колеги пратеници да ме поддржат, за да можеме барем на ваков начин да им помогнеме на луѓето ид РМ, кои живеат во нагласено неразвиени подрачја односно во руралните средини. Ве молам имајте го тоа предвид дека за вакви зафати и вакви проекти ниту една друга државна институција не обезбедува доволно средства.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г. Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Иако во оваа гужва тешко можеме да се снајдеме со

амандманите, но од образложението на колегата дознав дека се

работи за амандман кој бара одредени средства да се префрлат во

Бирото за недоволно развиени подрачја. Во принцип секогаш сум ги

поддржувал тиавките иницијативи, но она што денес посебно ме интересира го реков во моето воведно излагање, а тоа е дека во РМ како да станува непишано правило веќе подолго време една законска обврска, како што спомна и колегата, каде што јасно стои дека 1 % од Буџетот треба да се определи за овие намени, подолго вараме не го почитувама, иако кога се работи за Законот за недоволно развиените подрачја, јас подолго време имам и свои забелешки затоа што наместо тоа да остана како политика на локалната самоуправа која ќе определи каде точно ќе бидат наменети овие средства, со измените и дополнувањата на законот напрвивме интервенистички државата да може да интерванира бо одредени подрачја односно во точно населено место. Во секој случај,"во ѓфинцип ги поддржувам и ќе ги поддржам сите ти9 иницијативи кои водат кон тоа РМ да води вистинска политика на регионален развој, затоа што разликите навистина се огромни. Разликата меѓу најразвиената и најнеразвиената општина во РМ оди дури 1:10 %. Иако знам дека со ова нема многу нешто да се измени, но бидејќи во принцип секогаш сум ги поддржувал, и денес ќе го поддржам и ги повикувам колегите да го поддржат овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласање 64 пратеници, од кои 40 за, 6 воздржано и 18 против.

Констатирам дека амандманот е усвоан.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 08001 Програма 11 ставка 420 потставка 420121 Раздел 08001 Програма 11 ставка 420 потставка 420122 Раздел 08001 Програма 11 ставка 420 потставка 420123 Раздел 08001 Програма 11 ставка 423 потставка 423112 Раздел 08001 Програма 11 ставка 424 потставка 424111 Раздел 08001 Програма 11 ставка 426 потставка 426511 Раздел 08001 Програма 11 ставка 426 потставка 426716 Раздел 08001 Програма 11 ставка 463 потставка 463212 и на Раздел 08001 Програма 11 ставка 426 потставка 426211, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се поризнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 64 пратеници од кои 22 за, 9 воздржано и 33 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 13001 Програма 11 ставка 472 потставка 472112 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Трајко Гешовски, Рената Керпичовска-Бошевска, Кирил Костовски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман е поднесен со цел да се обезбеди систем за обезбедување и прочистување на дополнителни

количини на вода за пиење за градот Прилеп. Владата го прифаќа овој амандман.

(аплауз во салата)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман станува составен дел на Буџетот за 2002 година.

Пратеникот Илија Лазаров поднесе амандман на член 3 Раздел 05001 Програма 11 ставка 420 потставка 420122 Раздел 05001 Програма 12 ставка 421 потставка 421111 Раздел 05001 Програма 12 ставка 421 потставка 421112 Раздел 05001 Програма 12 ставка 422 потставка 422111 Раздел 05001 Програма 12 ставка 424 потставка 424211 Раздел 05001 Програма 12 ставка 424 потставка 424311 Раздел 05001 Програма 12 ставка 424 потставка 424414 Раздел 05001 Програма 12 ставка 424 потставка 424712 Раздел 05001 Програма 12 ставка 425 потставка 425116...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Продолжение)

Раздел 05001 програма 13 ставка 426 потставка 426717, Раздел 05001 програма 16 ставка 420 потставка 420111, Раздел 05001 програма 16 ставка 424 потставка 424111, Раздел 05001 програма 16 ставка 424 потставка 424112, Раздел 05001 програма 16 ставка 424 потставка 424712, Раздел 05001 програма 16 ставка 425 потставка 425214, Раздел 05001 програма 16 ставка 425 потставка 425216, Раздел 05001 програма 16 ставка 426 потставка 426514, Раздел 05001 програма 16 ставка 427 потставка 427122, Раздел 05001 програма 16 ставка 463 потставка 463111, Раздел 05001 програма 16 ставка 463 потставка 463212, Раздел 05001 програма 16 ставка 464 потставка 464116 и на програма 16 ставка 416 потставка 464116 и на Раздел 05001 програма 16 ставка 468 потставка 468111, по кои Владата не се произнела.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е уште најава на амандмани, уште не сме отвориле претрес по амандманите.

Пратеникот Димитар Бузлевски поднесе амандман на член 3 Раздел 16001 програма 16 и на Раздел 09002, програма 12 ставка 467 потставка 467121, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Димитар Бузлевски, Рубенс Наумовски, Жарко Караџоски, Кирил Андоновски и Илија Илоски, поднесоа амандман на член 3 Раздел 16001 програма 12 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467112, по кои Владата не се произнела.

Кон амандманот поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Рубенс Наумовски, Жарко Караџоски, Кирил Андоновски и Илија Илоски се приклучи и пратеникот Златко Стојменов.

Кон амаднманот се приклучија и Трајко Гешоски, Томислав Петровски и Илија Пранговски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 05001 програма 11 ставка 420 потставка 420122, Раздел 05001 програма 12 ставка 421 потставка 421111, Раздел 05001, програма 12 ставка 421 потставка 421112, Раздел 05001 програма 12 ставка 422 потставка 422111, Раздел 05001 про-грама 12 ставка 424 потставка 424211, Раздел 05001 програма 12 ставка 424 потставка 424311, Раздел 05001 програма 12 ствка 424 потставка 424414, Раздел 05001 програма 12 ставка 424 потставка 424712, Раздел 05001 програма 12 ставка 425 потставка 425116, Раздел 05001 програма 13 ставка 426 потставка 426717, Раздел 05001 програма 16 ставка 420 потставка 420111, Раздел 05001 програма 16 ставка 423 потставка 424111, Раздел 05001 програма 16 ставка 424 потставка 424111, Раздел 05001 програма 16 ставка 424 потставка 424112, Раздел 05001 програма 16 став-ка 424 потставка 424712, Раздел 05001 програма 16 ставка 425 потставка 425214, Раздел 05001 програма 16 ставка 425 потставка 425216, Раздел 05001 програма 16 ставка 426 потставка 426514, Раздел 05001 програма 16 ставка 427 потставка 427122, Раздел 05001 програма 16 ставка 463 потставка 463111, Раздел 05001 програма 16 ставка 463 потставка 463212, Раздел 05001 програма 16 ставка 464 потставка 464116, Раздел 05001 програма 16 ставка 468 потставка 468111, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амаднманот на член 3 Раздел 16001 програма 16 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас со предложениот амандман предлагам средствата кои се спредвидени во Буџетот на Република Македонија за студентски стандард да се зголемат за 100 милиони денари, затоа што на сите нас овде присутни познато ни е какова е состојбата во објектите во кои се сместени студентите и каква е состојбата со исхраната на студентите.

Имено, предвидените средства во Буџетот се на ниво од пред пет-шест години а низ овој период само низ инфлација се истопил тој износ така што има потреба да се интервенира со еден ваков амандман во обезбедување на повеќе средства за да се подобри барем малку стандардот на студентите, а со тоа да не се оштети ни една витална функција на ни еден државен орган.

Имено, предлагам тие средства да се обезбедат од ставка која е предвидена за купување на деловни објекти. Според мое мислење подобро во овој момент да се интервенира во постојните објекти во кои се сместени студентите на сметка на купување на нови објекти кои, не ми е познато за кого се, а и не е толку голема потреба во однос на оној расположлив фонд на деловни објекти со кои располага Републиката да се купуваат и нови деловни објекти.

Затоа би ги замолил пратениците во интерес на младите луѓе во РМ оние кои се изложени на вакви услови на живеење да повлечеме еден позитивен потег кој би овозможил Министерството за образование и наука да интервенира во тој дел од активностите во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по аман-дманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 28 за, 16 воздржано и 23 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 16001 програ-ма 12 и на Раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467112, подне-сен од пратениците Димитар Бузлевски, Рубенс Наумовски, Жарко Караџоски, Кирил Андоновски, Илија Иловски, Златко Стојменов, како и Илија Прангов-ски, Томислав Петровски и Трајко Гешовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амаднман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, ова е

еден мошне значаен амандман од причини што деновиве целокупната музичка и културна јавност се крена во РМ по повод написите кои беа објавени во сите јавни гласила за укинување на финансирањето на нижите музички училишта и на Музичкиот балетски центар кој е единствен во РМ.

Точно е дека имаме рестриктивен буџет, точни се и податоците дека мора да се штеди, меѓутоа, штедењето може да се одвива во инвестиционата активност, може да се одвива во доменот на јавните набавки, мислам дека штедењето во изнаоѓањето на музичките кадри во РМ кои навистина ги има во голем број а кои досега редовно ги посетуваа нижите музички училишта и нивното укинување од страна на државата ќе претставува сериозен не прекршок, туку една голема неправда во однос на целокупниот музички потенцијал што го има РМ.

Сметам дека би требало нашето внимание со овој амаднман сепак да го дадеме бидејќи во основното образование, во средствата кои се предвидени сега тоа се некаде 4.259.479 се планирани овие средства така да ги има до 1 јуни односно до учебната година од 1 септември 2001 до крајот на јуни 2002 година, така што овие средства би биле исклучиво наменски и тоа практично би ја одразувало желбата на ова Собрание да продолжи досегашната владина политика за финансирање на овој ресор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Би сакал во свое име и во име на независната пратеничка група да го поддржиме овој амандман и мислиме дека навистина ако неоправдано се изостави финансирашето на основните музички и балетски училишта дека на тој начин практично ќе бидат оштетени или ќе биде оштетен оној најсиромашен би рекол слој од населението да не биде во состојба да своите деца,талентирани деца да може да ги школува, затоа што веројатно ова ќе наметне еден друг начин на самофинансирање и *со* тоа очигледно ќе бидат точно погодени оние кои што неможат да платат за школување на своите талентирани деца. Тоа е едната причина. А другата причина е што на индиректен начин, вертикално, практично се оштетуваат значајни институции од областа на културата, како што се филхармонијата, македонска, балетот, операта, кои во прва дистанца ги црпат кадрите кои ги открива и ги негува основното музичко образование низ овие музички и балетски училишта. Затоа, јавно би го поддржал овој амандман и би ги замолил пратнеиците да имаат разбирање и да гласаат за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Јас како еден од подносителите на овој амандман ќе бидам многу краток. Јас не само што сум еден од подносителите, нормално и го поддржувам амандманот и со сета моја морална одговорност стојам зад овој амандман, од едноставни причини, што не можам да преминам преку едноставното маргинализирање на една темелна вредност на секоја држава а со тоа и на нашава. Тоа е основното музичко образование.

Јас како и сите мои колеги од оваа сфера, сум длабоко погоден што една темелна вредност е маргинализирана и деградирана и е ставена во групацијата на споредни или малку важни дејности во оваа земја. За последиците од еден ваков однос кон музичкото образование се зборувало и се зборуваше и претходно и само ќе дадам акцент на она што го кажа и г-динот Столе Попов. На овој начин ќе се создаде една социјална димензија. Тоа е една од важните причини, а тоа едноставно ќе повлече и деградација на основното музичко образование во онаа форма која ја предлага сегашниот министер за образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Изгледа јас ќе бидам еден од тие што се раз ликуваат,по однос на овој амандман, од моите колеги.Апсолутно не се согласувам со тоа да се финансира од страна на државата оваа, во секој случај, дејност која не од примерно значење за државата. Сепак тие што сметаат дека се талентирани,дека заслужуваат посебно внифмание, треба да бараат и посебен начин на финансирање. Инаку, вака изгледа дека полека сите сакаме да легнеме на државен буџет и никој ништо да не работи. Апсолутно сум против ваквата идеја. Инаку, ако се поддржи ваквиот начин на размислување, ќе треба да изнајдеме начин дас ги поддржуваме и сите други талентирани деца кои се во другите области. Не гледам по која основа да ги финансираме само талентираните деца од музичката област, а ги заборавaме сите други кои се занимаваат со други работи. Не гледам зошто јас морам да финансирам некое друго талентирано дете. Ако некој смета дека неговото дете е талентирано, тој самиот нека си издвои пари и нека финансира. Или пак тие што сметаат дека имаат интерес од една таква дејнсот, нека двојат пари за тоа. Апсолутно мислам дека овој амандман не треба да се поддржи. Треба да се поддржи оваа идеја на отстранување на сите тие малигни дејности од буџетот на државата.

Од друга страна само сакам да упатам една забелешка.

Ако некој смета дека посебно внимание треба да се обрне на музичката дејност, би упатил на поголем интерес на родителите кон тоа што го работат наставниците по музичко образ ование и што тие прават во основните училишта. Ако е тоа основно образование, токму му е местото во основните училишта. таму децата нека си подготвуваат и нека го добиат тоа основно образование и натаму тие што сметаат дека заслужуваат повеќе, сакаат професионално да се занимаваат со таа работа, нека продолжат некој нека им го финансира тоа. Јас негледам никаков интерес јас лично го правам тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сум еден од предлагачите на амандманот и многу сум задоволен што во бројката на предлагачи има пратеници кои што имаат слично мислење како и моето и кои што се на мислење дека во оваа Република со минимални средства може да се постигнат максимални ефекти во обезбедувањето на основни услови за оддржување на еден вид на образование кое на свој начин се мултициплира во наредниот период. Имено, станува збор за дејност како базична дејност во која се образуваат млади деца од кои во идниот период се продуцира средношколен кадар и во музичката и во балетската дејност, а ние сме сведоци, во овие тешки времиња, дека на меѓународен план се постигнуваат максимални резултати од претставници од областа на овој вид на култура, кои играат или одржуваат претстави на странски сцени, доста респектирани сцени и се како амбасадори на РМ, во оваа дејност.Оттаму, мислам дека треба да се поддржи овој амандман.

Јас во име на Пратнеичката група на СДСМ, кажувам дека пратениците од СДСМ ќе гласаат и ќе го поддржат овој амандман, со цел да продолжи една добра пракса која давала и во иднина ќе дава резултати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ристо Спанаќов.

**РИСТО СПАНАЌОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата.

Јас се согласувам со дискутиите на поголем дел од претходните дискутанти и нема да ги повторувам истите, не сакам да му дадат можност на еден од колегите да ми реплицира, нема да го споменам по име, меѓутоа ќе кажам дека првиот сигнал за талент на одредено дете се појавува токму во таа свера и не постојат други можности освен преку овие училишта да тој нивен талент дојде до израз. Затоа што другите дејности другите таленти по други основи се појавуваат во некоја возраст по напредната од оваа и од тој аспект гледано, сметам дека овој амандман треба да биде подржан и Пратнеичката група на Нова Демократија ќе го поддрже.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, мислам дека основното музичко и балетско образование треба да постои, а тоа од причини што знаеме дека без основно музичко и балетско образование, односно музичко образование нема можност за одредени струки во музиката, да продолжи во средното и високото образование. Тоа е исто така како без основно општо образование па да се запише во средно образование. Без да ја научи азбуката. А не се работи само за азбука, овде се работи за стручњаци кои ќе творат односно ќе репродуцираат одредени музички дела.

Дали може на пример во средно училиште да се запише некој без нижо образование музичко, и тоа по пијано, виолина, виола и некои други инструменти. Мислам дека е тоа невозможно. Ако се оди на варијантите да се плаќа тоа, тогаш ние ќе имаме ученици во музичкото училиште не што ги надарил господ, туку што ги надарил финансиската моќ, да можат да учат, меѓутоа, од нив ништо не може да се постигне.

Дали може без нижо музичко образование да се добијат добри кадри за во музичкото образование, во филхармонијата, операта, музичкото творештво. Мислам дека не може. Да го земеме за пример само пијанистот познат во светот тоа е Симон Трпчевски, Симон Трпчевски кој што почна од шест годишна возраст.

Ние мораме да бидеме свесни дека музиката е макотрпна работа и не се постигнува за неколку години учење. Туку со постојано вежбање од 6 годишна возраст. Затоа предлагам овој амандман да се прифати бидејќи ние ја сечеме гранката во оваа област која е многу значајна за афирмацијата на македонската држава. Ние видовме дека Симеон Трпчевски, пијанистот како не афирмира во светот, кога ја доби вто-рата милениумска награда.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници јас и вчера на општата расправа начелно се осврнав на оваа тема и мислев да не се јавувам туку се приклучив како предлагач на амандманот. Меѓутоа, целтата дискусија сепак ме испровоцира бидеќи се работи за

посебно осетлив сегмент во општеството и уште еден апел до сите пратеници, а составот на предлагачите ќе биде доволен стимул тие да гласаат за овој амандман. Значи хетерогениот состав на предлагачите и бројот на предлагачите зборува дека сепак се работи за една натпартиска работа и надполитичка работа која е длабоко хумана во себе.

Образованието во РМ, е тема на разговор сиве овие години и тоа многу осетлива тема. Големите борци за човекови права во РМ, своите цели ги остваруваат токму преку образованието. Сега наеднаш тие се неми или се против основно образование, право на основно образование на одредена група на граѓани, деца од 6-7 годишна возраст кои сакаат да го остварат своето право.

Во општо не се согласувам дека се работи за област која не е развиена. Се работи за однос која е развиена која има инфраструктура, има кадри и која е дејност и бизнис кој може да се извезува од Република Македонија и го прави тоа РМ. Отворете ги само сателитските прогрмаи на другите држави, ќе видите дека РМ, веќе извезува музика кон другите држави. Ако таа не може да се натпреварува во другите со другите земји, со музиката очигледно може и таа постигнува врвни дострели кои се за почитување. Камо среќа г-дине Таири борците за човекови права дас се натпреваруваа со виолини и со кларинети, место со пушки и автомати. Вас ви сметаат оние што учат, што се борат со виолини и кларинети, а преферирате, не сте кажале ниеден збор за оние кои пукаа од автомати и пушки. Каде е вашето чувство за човекови права. Еј, г-дине Таири, така ли се прави образованието. Образованието е над политичка, над национална група зад која треба сите партии и националности во РМ, да застанат. Затоа, уште еднаш апелирам за ова за основното образование што не смее едно општество тоа што го наследило од претходниот систем, јас вчера го кажував историјатот, од една претходна држава кога оваа држава била Вардарска Бановина па имала основни и музички училишта. Сега сме самостојна држава а, да ги укинува образовниете на дечињата од шест седум годишна и понатамошна возраст, право на нивно музичко образование кое веќе е етаблирано, формирано во системот и не претставува нов трошок и ново негово воведување.

Уште еднаш апелирам сите пратеници да го поддржат овој амандман, а со тоа ви гарантирам дека македонците и натаму ќе имаат единствен и препознатлив пат во светот по кој седи единствени во друштвото на народите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Не осеќам некоја потреба да му појаснам на претходниот пратнеик, само да му обрнам внимание дека веќе е прочитана работа. Тоа е еден сталинистичко-комунистички пратеник кој што сака сите да си ги стави...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не ви велам да се сакате. Ве молам непотребно е тоа. Да се почитуваме како пратеници.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Тој е најголемиот потпалувач на војната и додека има такви пратеници вака ќе биде во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ви сугерирам да работиме по амандманите и едни кон други да си укажуваме нужна почит, да не одиме на провокации инаку седницата ќе добие сосема друг тек.

Има збор г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Би сакал само да го изразам своето зачудување од ригидниот став на г-динот Таири и само да појаснам дека навистина се работи за една специфична област и една специвична материја. Не држи фактот дека по таа логика би требало да се финансираат сите талентирани деца во Македониија итн., затоа што талентираните деца во Македонија во рамки на редовното основно образование сигурно ќе си го најдат своето место, својот интерес и да бидат забележани. Меѓутоа, навистина се работи за една специфична област, една специфична материја. Мислам дека воопшто и како една културна политика и како образовна политика Македонија мора да посвети внимание на овој проблем, дури и со размислување, во поедини министерства, како што е Министерството за образование и култура да се воведат посебни фондови, фондови за талентирани деца, токму од областа на уметноста, а посебно од областа на музичкото основно образование од каде што се црпат кадрите за сите најбитни музички институции во земјава. Навистина, поготово додека системски тоа не се реши, значи да се воспоставaт такви фондови, ни од далеку не може да се размислува, или би било неоправдано да се разнмислува, да се укине финансирањето на овие основни

музички училишта. Кога би постоело друго системско решение со вакви фондови, тогаш може би и не можело да се размислува. Меѓутоа, вака е навистина далеку од општиот интерес на граѓаните во РМ, ваквите училишта да бидат укинати на ваков непримерен начин, а имаат навистина долга традиција од 55 и повеќе години.

Уште еднаш би апелирал до пратнеиците навистина да имаат разбирање и да го поддржат овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Што се однесува до овие музички школи само да ви обрнам внимание дека РМ, ќе се врсти во редот на оние држави, ретки во свет како што е Молдавија, Кина, Куба, Северна Кореја, незнам дали има уште некоја комунистичка држава, каде што се финансираат вакви дејности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-ѓа Наталија Марковиќ Димовска.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВСКА:**

Господине претседателе, колеги пратнеиици

Бидејќи бев ученик на нижото музичко училиште во Велес и го завршив истото жал ми е што не можев да се приклучам на поднесениск амандман, од објективни причини. Но, сакам да кажам неколку збора во интерес и во поддршка на амандманот. Нижите или основните музички училишта се припрема на ученикот за средното музичко училиште и потоа да го изрази својот талент во високо образование.

Другата работа е дека во тие музички училишта не може ни од далеку да се каже дека се стекнува образование кое може да се поистовети со часови во редовна настава во основно или средно образование, од причина што таму образованието е насочено кон еден инструмен и кон теорија. Значи, добива конкретно образование во делот на талентот и инструментот кој ќе го избере ученикот.

Третата работа е дека тие кадри кои таму предаваат и ја одржуваат наставата, се обучени и стручни и тие го прават тоа совршено добро. Но, една од битните работи е дека се посочува само финансирање на ученикот кој ќе покаже талент во делот на музиката. Дали од друга страна се размислува дека РМ, се наоѓа во длабока економска и социјална криза и дека со таквото размнислување ние правиме на самиот почеток селекција на учениците кои можат да го завршат ова училиште, а кои не, значи, кои се во финансиска можност да се самофинансираат и да го завршат, а оние кои се талентирани и се наогаат во овој дел на економската и социјалната криза, а немаат доволно семејни приходи со што би можеле да го финансираат своето образование и да го поттикнат талентот, не би можеле да го сторат истото, бидејќи соочувајќи се со оваа длабока економска криза, се разбира дека се соочуваме и со голема невработеност во РМ. Оттука, не смееме да дозволиме да се прави селектиран пристап на талентираните дечиња кои можат да го завршат ова училиште и да стекнат образование во делот на музиката. Значи, во поддршка на амандманот сметам дека треба да остане буџетското финансирање на нижите музички училишта и се разбира, иако од објективни причини не може да бидам приклучена кон овој амандман, јас ќе го поддржам со гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратениикот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Јас ќе бидам исто така еден од ретките кој нема да го подржам овој амандман односно ќе гласам воздржано. Сакам да објаснам зошто е тоа така, да нема некои дилеми околу тоа. Тоа го правам од повеќе причини:

Прво, не велам дека на Македонија не и се потребни музичките таленти да бидат стипендирани, дека музиката во Македонија треба да ја ставиме на второ или на трето ниво и дека Македонија не треба да и финансира тие музички таленти. Но, јас ќе го поставам прашањето, дали на Македонија помалку и е битно нејзината младина да знае компјутери и да работи добро со компјутери. Дали на Република Македонија помалку и е битно нејзината младина да знае компјутери и да работи добро со компјутери. Дали на РМ, малку и е битно нејзината младина да има соодветно школување и да познава јазици, или уште побитно, да речеме, јас незнам колку ние имаме, освен Симеон Трпчевкси, музички таленти кои излегле на меѓународна сцена и ја промовирале РМ. Но, ќе потсетам дека имаме еден Пеце Наумовски што нема човек кој ја сака кошарката и што Европа не слушнал за тоа име и не знае дека е од РМ.Не постои човек ком барем малку гледа ракомет и не слушнал за името Кире

Лазаров, исто така човек од РМ, или сега да не ги бројам, еве Горги Христов, човек од фудбалот. Дали тие се помали амбасадори на РМ, и што направила нашата држава, како ги финансирала, како ги стипендирала тие луѓе.

Јас сакам јавно да го поставам прашањето, дали, кога гледам дека има атмосфера да помине овој амандман нема да биде мотив веќе наредната година кога ќе се усвојува нарендиот буџет, да има некоја лоби група тука, не велам од оваа или од онаа политичка партија, разни пратнеици кои ќе поднесат амандман и кој амандман ќе гласи, сите училишта, или поголеми училишта, незнам како ќе биде формулирано, кој ќе соберат толку и толку деца кои ќе учат јазик да бидат финансирани од буџетот. Или, има еден куп компјутерски училишта, исто така кои ќе бидат од поголем обем и кои исто така се битни за РМ, бидјеќи битно е децата во РМ, да знаат да работат на компјутери, гледаме дека во овој милениум тоа ќе биде главна дејност, најплатени луѓе се, и исто така ќе бидат амабасадори на РМ, во светот, исто така да бидат финансирани од буџетот на РМ. Значи, апсолутно се согласувам дека треба да се изнајде начин како РМ, ќе ги финансира музичките таленти, но, никако не се согласувам дека тоа треба да бидат сите тие училишта кои треба да бидат финансирани од Буџетот на РМ. Мислам дека треба да се изнајде некоја друга јформа, дали тоа ќе бидат стипендии, или што. Сега мислам дека овој начин е многу лош.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници би сакал да укажам на следново. Од досегашната расправа станува сосема извесно дека овој амандман на Буџетот ќе помине. Според изјаснувањето на пратеничките групи, тоа веќе не е проблем, затоа што очигледно е дека амандманот ќе помине во гласањето и јас искрено се надевам дека тоа ќе се случи.

Инаку, во врска со овие дискусии сметам дека ако амандманот помине , Македонија ќе се вброи во редот на цивилизираните земји. Меѓутоа, она на што би сакал да укажам, ве молам само за мало внимани, е следново. Имаме амандман кој од прилика за 25 милиони денари го зголемува азделот на Министерството за образование и наука во делот за основно образование. И, тука завршува амандманот, а парите се менуваат во друга ставка, што е в ред. Меѓутоа, во амандманот кога ќе се објави во Службен весник на Република Македонија, нема да се објави образложението за што тие пари се префрлаат во Разделот за Министерството за образование во Програмата за основно образование.

Јас ја имам во рака, претпоставувам и поголем број од пратениците го имаат решението на министерот за образование Ненад Новковски потпишано на 5.11 или 5.11.2001 година, Решение за престанок на финансирање на основни музичко-балетски училишта во РМ, заклучно со 30.06.2002 година. Сакам да укажам на следново, дека амандманот кој ќе го усвоиме , нема да го поништи Решението на министерот со кое тој го користи законското право за престанок на финансирањето на основните училишта од овој тип.

Затоа, би предложил на Вас г-дине претседателе, доколку, условно, Собранието го усвои овој амандман, амандманот како што е поднесен со допис паралелно заедно со тоа дека ќе се објави во Службен весник во Разделот, амандманот со причините заради кој е усвоен, да се допрати до министерот за финансии со заклучок министерот да ја следи волјата на Парламентот. Инаку, самиот амандман ќе ги зголеми средствата во Министерството за образование, во делот за основно образование, а министерот за образование, кој тврдо стои сега за сега на позициите, ќе опстои на Решението и средствата ќе ги пренамени во други сфери од основното образование. Г-дине Таири, ве молам, додека расправаме во Парламентот за вака битни работи за образованието во РМ, да не дофрлате постојано, затоа што не ви служи на чест и не делува цивилизирано.

Затоа, би ве замолил, сега повторувам, затоа што незнам во оваа гужва со дофрлања дали некој слушна или дали и вие ме слушнавте, доколку се усвои би замолил амандманто во изворна форма со образложението да му го доставиме како заклучок на министерот за образование со барање тој да го има предвид причините , заради кои што Собранието ги донело ваквите амандмани. Потоа, тој нека одлучи дали ќе опстои на Решението, кое е веќе извршно и овој амандман

нема да го надмине. Ова го зборувам во функција волјата на Парламентот да не биде само празен збор, кој на министерот ќе му даде повеќе средства за други намдни, а не за тоа за што ние гласаме.

Ви благодарам и би сакал ова да го имате предвид како барање, еве, од пратеник во овој момент, да го направиме така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-дин Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, и јас сакам да се изјаснам по однос на амандманот. Имено, јас исто така нема да го подржам овој амандман. нема да го подржам и исто така како и мојот колега Пандов ќе бидам воздржан, бидејки на некој начин ние овде со ваквиот амандман вршиме позитивна дискриминација во негативен правец. Бидејки, беше поставено прашањето дали може да стане многу добар познат музички уметник без основно образование. Се разбира дека не може. Меѓутоа, исто така не може и еден добар инжињер без подршка на неговиот талент, ако бил талентиран, за природните науки. Ние овде истакнуваме дека Македонија ја прославиле поголем број на музички уметници и навистина тоа е добро, но дали знаете дека секоја година од 1993 година наваму, буквално секоја година макеоднските талентирани ученици по математика и по информатика освојуваат златни, сребрени и бронзени медаљи на меѓународни информатички олимпијади. Дали тие се финансирани или не се. Дали тие се подржани односно дали нивниот талент е подржан или не е подржан. Јас не велам да не се подржува, се воведуваат факултативни настави за информатика, може да се примени унапредување на основното музичко образование со зголемување на средства што ќе бидат доделени за изведување на секции и т.н., за плаќање на професорите што ќе ги изведуваат часовите. Меѓутоа, вака поставувајки амандман со кој ќе се врши позитивна дискриминација, повторно напоменувам во негативен правец, заборавајки ги другите таленти во РМ, ова за мене е такво што не можам да го подржам и нема да гласам за амандманот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, јас исто така ќе дадам мое мислење по однос на овој амандман и нема да го подржам. Би го подржал овој амандман доколку биде преформулиран и ако во тој амандман исто така би се прифатиле сите таленти, не само од музичката уметност. Така што, кој работел во образование знае дека во процесот на школување постојат пвоеќе талентирани деца во повеќе области. Кај нас, практично, не им е овозможено на сите тие да го развијат уште повеќе својот талент. Би подржал некој амандман во однос на тоа да им се дадат такви можности.

Друга работа коај би сакал тука да ја нагласам, жал ми е што не сум дојден на време да можам да искажам свое мислење во однос на деца, имаме една категорија на деца со посебни потреби , а знам дека во Македонија таа група е многу голема врз основа на тие средствањето ги даваме по основ на посебен додаток во Македонија ги има околу 2700 такви деца. Во овој Парламент на оваа седница кога се донесува Буџет за оваа година, воопшто не се спомнати тие деца. Веќе, сигурно, со години тие се запоставени и сметам дека за нив треба да им се обрне поголемо внимание секогаш кога ќе се донесува Буџет.

Јас мислам во однос на овој амандман, предлагам тој да се преформулира и ако тоа се направи, тогаш тој ќе биде прифатлив и за мене. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани членови на Владата, почитувнаи колеги пратеници,

Доста се изнаслушавме по однос на овој амандман, јас само би сакал да кажам дека од мое лично име ќе го подржам овој амандман и ќе гласам за него. Лично сметам дека станува збор за една важна воспитна дејност, дека нема простор за политика. Ако ние возрасните сите сме исполитизирани на некој начин, чекајки плата по 5-6 месеци, ако сите ние ги чекаме да заврши кризата во државата, ако сите ние се занимаваме со бројот на раселените лица, со бројто на

неинтегрирани територии, кои што треба да се интегрираат во државата, онаму каде што не функционира системот на државата, со приватизацијата која што мораме да ја извршуваме , за да ги оствариме обврските кон странство, ми се чини дека станува збор за незначителни средства, за еден процес кој што во РМ во позитивна смисла ги воспитува децата, ги учи да се дружат, за едни училишта во кои што децата не се поделени по национална припадност, туку се обединети околу една универзална вредност, како што е музиката, каде што може секое дете, без разлика на неговата национална припадност да се едуцира и понатаму да се усовршува во средните и во високите музички училишта.

Затоа , мене ме зачудува од каде овој антагонизам помеѓу политичките партии и помеѓу пратениците овде кога станува збор за една ваква дејност, да угасиме една воспитна дејнсот коај што 50-те години така да кажеме функционирала во Македонија. Наместо да се залагаме и другите деца кои се

талентирани за други области, да изнајдеме начин да ги финансираме. Ми се чини дека премногу средства се потрошија , дека РМ може да го запази континуитетот во финансирањето на едни вакви дејности кој што напротив се многу корисни и многу деца си наоѓаат понатаму во текот на животто точно своја професија, од она воспитување кое што го добиле во детските денови. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-дин Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Сакав да го подржам предлогот, за да на крајот од оваа дискусија се оформи заклучок околу овој амандман даден од колегата пратеник и не можам да кажам дека образованието со компјутери и другите области на талентираните деца , не подразбира укинување на веќе едно постојно образование кое го имаат децата. Деградација на нешто што веќе го имаат. Значи, добро е ние да се надградуваме како општество и да им овозможиме на младите генерации и во други области да го стекнат она што го имаат во музичкото образование, а не да го одземаме она кое го немаат во другите области, за кои не сме задоволни.

На крајот само сакам да додадам дека за г-динот Пандов и г-динот Данило Глигоровски очекував, ова е втор закон кој го гласаат во областа на образованието и за Законот за високо образование, за кој гласаа за, кој е надградба на една дејност и на некои права, да дадат образложение, акко што дадоа денес, кога има деградација на некои веќе постојни права на ученици во Република Македонија. Багодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Во принцип не сум за тоа да ги подржуваме парцијално одредени области, посебно не во образованието. Имајки предвид дека нема помалку важна или

неважна гранка, а ако е таа неважна, нема да постои во образовниот систем во Македонија.

Јас ќе кажам неколку сегменти од мојата област, од областа на математиката како тоа досега се одвиваше. Жалосно е што досега нашата држава има многу слаб слух, дури и никаков околу грижата за тие млади кадри, околу одлевањето на тие млади кадри. Многу нечујно поминуваат низ нивното школување и се одлеваат како умови по белиот свет, не водејки грижа за нив. Во Македонија секоја година работат 15-тина паралелки по математика за едукација, подготовка на младите кадри, на учениците од основните училишта за натпревари. Редовно, Македонија во областа на средното образование, мислам во рамките на средното образование доаѓа по 3 до 5 медаљи од Светската олимпијада по математика. Тоа многу малку досега го слушнале. Не помалку од педесетина стручњаци од областа на математиката и на природните науки, многу блиску до математиката, информатиката вклучувајки ја посебно, просто менаџерите од светот ја опседнуваат олимпијадата по математика и уште од таму фактички ги киднапираат децата им обезбедуваат се во земјите во белито свет, Германија, Франција и т.н.жалосно е што Македонија не води грижа.

Затоа , не сум против ова да се подржи, меѓутоа, мора поголема грижа вкупно за кадрите, за умовите, генерациите на чии што плеќи ќе

падне оваа држава во најблиската иднина после 5 , можеби 10 години умовите кои што треба да ја доведат во една поубава иднина, во една благосостојба државата , дозволуваме еве така многу лесно да ни одат, да ни се одлеваат , а ние еве вака за ситни пари тука се расправаме дали да се подржи.

Сум апсолутно за подршка на било каква идеа, меѓутоа , нека биде со програми и тоа нека бидат навистина квалитетни кадри, кои што во европски и во светски рамки ќе покажат резултати. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Една напомена, не треба да имаме претензии по ниедно прашање едни на други да ги убедиме до крај. Некој ќе го каже своето мислење и готова работа. Еве, се јавувате по двапати или по трипати.

Г-дин Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Јас се извинувам што морам уште еднаш да се јавам, бидејќи од дискусиите на некои говорници видов дека нивниот негативен став кон овој амандман произлегува од нивно непознавање. Елементарно непознавање на суштината на ова проблематика, на музичкото образование. Ќе се обидам во најкратки црти да објаснам , за да можат со помирна совест да гласаат. За да стане математичар или доктор на науки како што е г-динот Данило Глигоровски или актуелниот министер за образование, му беше доволно основното образование за етапно да се развива понатаму и да стаса до научник, до доктор на науки. Без основно музичко образование , овде по грешка се зборува само за таленти, за еминентни музичари. Станува збор и за кадар потребен за филхрамонија, за опера и т.н., кои и не се толку познати. не може да биде член на оркестарот на операта или на филхармонијата или а незнам се други музички состави без основно музичко образование. Значи основното образование, општото образование ги подготвува сите други профили, сите струки и математичари и физичари и општествени науки и природни науки. Општото основно образование не ги подготвува децата за понатамошно музичко образование за тоа е потребно и оснвоното музичко образование. Значи, баз основно музичко образоваие , не можеме да имаме професионален музичар. А, основното општо образование ги подготвува сите профили. Тоа да ви биде јасно и изгледа тоа не го познавата и не го знаете.

Од тие причини е поднесен овој амандман и се залагам за изгласување на тој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас сум еден од потписниците на овој амандман и би сакал вака јавно да ја побарам подршката и на другите колеги и да појаснам некои работи , за да дојдеме до вистината за што се работи конкретно.

Во досегашната дискусија на за или против овој амандман еден пратеник беше ригиден во сопствениот став и рече дека нема да го подржи, а оние кои го негираа овој амандман, фактички рекоа дека ќе бидат воздржани. Меѓутоа, преовладува општото расположение во салата дека овој амандман треба да се подржи и треба да се изгласа. Не би сакал да влијаам на мислењето на оној пратеник кој беше ригиден во сопственито став дека нема да го подржи амандманот, би сакал да им ги појаснам некои работи на оние пратеници кои се воздржуваат од галсање со изговор дека со овој амандман се подржуваат алентираните деца во еден сегмент во образованието, а за штета на тоа се запоставуваат други таленти во други сегменти на образованието. Мислам дека доволно не се разбираме и дека воопшто не се работи за тоа.

Напротив се работи за следното, во истиов сегмент на образование, задржани се образованеито во Средното балетско училиште и во Средното музичко училиште. Досега влегуваме во една нонсенс ситуација, со она решение што го потпиша министерот за образованеи г-динот Новковски, директно деца кои не го завршиле основното образование, дали во музичкиот или во балетскито дел, директно ги пуштаме во средно образование. По таа логика без основно завршено образование ние можеме да продуцираме и гимназијалци од рангот на математичари, физичари, биолози и т.н. и т.н. Меѓутоа , ние мораме да бидеме свесни дека во овој сегмент ако сакаме барем дел од таа култура да ја поседува Република

Македонија, што мислам дека добро ја пласира во целиот свет не само во рамки на државата, ние треба да го задржиме ова образование.

Инаку, како ни го дал Господ министерот за образование ваков каков што е тој полека ако остане уште малку неколку мандати на власт, ќе ги укине сите основни, средни училишта и факултети и ќе го остави само Факултетот за природно математички науки и тоа само оделот за физика каде што е тој професор.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Не може така да се нема елементарно чувство дека државата не почива...

(Реакции и дофрлања од место)

Ве молам дозволете да се доискажам.

(Претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Државата не почива само на професијата од која е министерот.

Во поткрепа на ова што го говорам би сакал да кажам една теза, општо позната во јавноста, дека тој и таков министер кој го укинал ова образование токму ќе остане запаметен дека бил, името ќе му се заборави во секој случај, а и делото можеби, дека бил минситер кога на музичката сцена во Република Македонија пееле Каролина Гочева и Тоше Проевски.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван претседателе,

Сакајќи да го поддржам овој амандман малку сум испровоциран од дискусијата на некои пратеници што можеби некои би можел да разберам, но никако не можам да разберам некои пратеници кои се наставен кадар, да се грижат за укинување на една наставна дејност, наместо да се трудат не само таа туку да развиваат и други дејности, да се залагаат за отворање на нови, а не за укинување на нешто што постои. Тоа го разбирам, тоа е во стилот на она познатото "се ќе срушиме".

Од друга страна, потенцирајќи дека нема пари за вакво нешто, може да се погледне во распределбата на средствата од Телекомот, каде за Министерството за образование се дадени ставки каде финансираат 79 основни училишта и едно специјално училиште улилиштето "Кочо Рацин".

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, за гласале 59 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 12 пратеници. Констатирам дека овој амандман е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандмани на член 3 Раздел 02001 ставка 420 потставка 420112...

(Од место реагира пратеникот Никола Поповски со зборовите дека има изнесено заклучоци).

Ние ќе имаме заклучок по ова, таму ќе го дадете предлогот. По целиот Буџет ќе имаме заклучок.

(Пратеникот Никола Поповски зборува од место дека веќе предложил заклучоци).

После амандманите ќе имаме заклучок. Има три точки. Предлоежете друг заклучок. Тогаш ќе го формулирате текстот. Така е позгодно, да не правиме заклучоци секаде.

(Реакции од место, дофрлања и раздвиженост во салата). Ве молам седнете, не сум дал ниту пауза, ниту ништо. Тој кој дава нов предлог, стапува во врска со слуцбите, си го формулира и го дава овде. Јас не го правам тоа, се разбира.

(Пратеникот Никола Поповски реагира од место) Нема потреба да ме потсетувате. Вие тоа ќе го уредите и ќе го дадете. Предлозите се даваат писмено, а не во дискусии. Така е тоа Вие тоа го знаете. Знаете што сте формулирале, ќе го напишете, ќе го доставите тука за во процедура. Сега да не се учиме за таа работа. Секој што ќе предложи во јавна дискусија, како пратеник, не го даваме за изјаснуваше на Собранието.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Според Деловникот имам право да предложам заклучок усмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предложете го писмено, да го дадам на изјаснување.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ќе го предложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, продолжуваме понатаму.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандмани на член 3 Раздел 02001 ставка 420 потставка 420112 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, Раздел 02001 ставка 420 потставка 420113, и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, Раздел 02001 ставка 420 потставка 420121, на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, Раздел 02001 ставка 420 потставка 420122 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, Раздел 02001 ставка 421 потставка 421111, Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, Раздел 02001 ставка 421 потставка 421112, Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, Раздел 02001 ставка 422 потставка 422111 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, Раздел 02001 ставка 423 потставка 423112 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, Раздел 02001 за додавање нова ставка 464 и нова потставка 464112 по ставката 463 и потставката 463211 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, по кои Владата не се произнела. Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 ставка 420 потставка 420112 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427129, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 ставка 420 потставка 420113 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 ставка 420 потставка 420121 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427 119, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 ставка 420 потставка 420122 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 ставка 421 потставка 421111 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 ставка 421 потставка 421112 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 ставка 422 потставка 422111 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 ставка 423 потставка 423112 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 02001 за додавање нова ставка 464 и нова потставка 464112 по ставката 463 и по потставката 463112 и на Раздел 09002 Програма 1.2. ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Буџетот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на Буџетот со буџетите на фондовите за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, за здравствено осигурување на Македонија, за магистрални и регионални патишта, за води и за животната средина и на Заводот за вработување на Република Македонија, ги ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Според резултатите од гласањето вкупно гласале 60 пратеници. За гласале 48 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против не гласал никој.

Молам, службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 54 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам, не смееме да донесуваме Буџет со 61 и да имаме 61 пратеник во салата. Треба малку поинаку да се однесуваме. Се расправа за едно прашање за 25 милиони денари расправаме 45 минути, а кога треба да се гласа за Буџетот одиме надвор.

Ве молам, повикајте ги пратениците нека влезат во салата.

Молам, пратениците да влезат во салата.

Молам службите да утврдат точен број во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници, еве пристигнуваат и други пратеници.

Ве молам да гласаме.

Ги молам пратениците да седнат на своите места за да можеме да гласаме.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 56 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници, против гласале два пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2002 година со буџетите на фондовите за пензиско инвалидско осигурување на Македонија, за здравствено осигурување на Македонија, за магистрални и регионални патишта, за води и за животна средина и на Заводот за вработување на Република Македонија.

По повод донесувањето на Буџетот на Република Македонија за 2002 година Комисијата за екологија, млади и спорт предлага Собранието да го усвои следниот Заклучок:

1. Во рамките на проектите финансирани од донации што се предвидени со Програмата за животна средина Владата на Република Македонија да обезбеди потребни средства за домашна контрибуција;

2. Со оглед на важноста и потребата од изградба на мали акумулации за обезбедување и чување на чиста вода за пиење потребно е да се обезбедат средства во делот на планираните буџетски средства за 2002 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

3. Заради извршување на Програмата за просторно планирање при реализацијата на Буџетот за 2002 година од страна на корисниците на средствата предвидени ставки за физибилити студии, подготовка на проекти, дизајн и слично да се реализираат преку Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање

на Република Македонија во делот на неговата надлежност.

Моалм за мислење на министерот за финансии. Веројатно овој заклучок е усвоен. Заклучокот ви е доставен.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Дали ова сега треба да го прифаќаме, бидејќи до сега Владата не се изјаснувала по вакви заклучоци. Сега е ова нов момент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мора да се изгради став по ова.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ако може заклучок по заклучок да видиме. Каква тежина има ова ако се изгласа, ако не се изгласа. Сега прв пат се прави вака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според Деловникот ние ќе донесеме заклучок, само тоа не е норма, не е закон.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме (по гласањето)

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои 41 за, 18 воздржано и 14 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Г. Поповски предложи заклучок по повод усвојувањето на амандманот со кој средствата на Министерството за образование се зголемени за 25 милиони денари. Волјата на пратениците е тие да се потрошат наменски, да се обезбедат за цела идна година средства за финансирање на основното музичко образование, така како што постои и како што е уредено.

Заклучокот го ставам на гласање.

Во Заклучокот се предлагат тие средства да се употребат наменски. При тоа Собранието да му се обрати на министерот за финансии, претседателот на Собранието да се обрати на министерот за финансии, да побара министерот за финансии да ја следи реализацијата на овие средства за да не бидат употребени за друга намена.

Еве, Г. Никола Поповски уште еднаш нека каже.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г. претседателе, јас го следев вашето упатство од пред малку да поднесам писмен заклучок. Заклучокот го доставив до службите и ве молам да почекате некоја минута да го доставам писмено и да го прочитате

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ако може да одиме на двата пропратни закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Мевљан Таири бара збор процедурално.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Прв пат слушам дека волјата на Парламентот е доволна за да се наложи нешто на извршната власт. Ако некој има намера наменски да ги потроши тие средства, треба Законот да го измени. Не гледам каква причина има да го донесуваме заклучокот, министерот веројатно гледа и слуша што се случува. Доволно е ова што се случува и ако тој цени дека треба да го почитува ова што се случува овде, тие што мислат поинаку треба да предложат закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, за заклучокот што го предлага пратеникот не расправаме. Јас ќе го ставам на гласање и ако се изгласа, ќе доставам писмо до министерот и ништо повеќе.

Има збор, Г. Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Г. претседателе, заклучоците што сега ги усвоивме барам да ми се поделат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие ви се поделени.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Не, не се поделени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но повторно, на тие што ги изгубиле да им се поделат.

Еве, Извештајот на комисијата за млади и спорт ги содржи заклучоците, но нека се поделат на тие што ги немаат.

Додека го чекаме текстот на Заклучокот што го предлага Г. Никола Поповски, предлагам да преминеме на наредната точка од дневниот ред.

Преминуваме на третата точка Предлог за донесување на закон за извршуваше на буџетот на РМ за 2002 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам кој бар азбор?

Има збор Г. Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г. претседателе, Г. министер, во општиот претрес јас го изнесов моето гледање и дел на пратеничката група. И понатаму мислам дека Буџетот на РМ за 2002 година пред се има еден предизборен марке-тиншки карактер и тој е предизборен буџет. Во своето излагање истакнав дека Буџетот за 2002 година Владата на РМ го предлага без отчет за своето четиригодишно владеење, особено без отчет за делот на она што го ветуваше во својата предизборна програма на Македонскиот народ и тој дијаметрално спротивен на она што беше ветувано, со она што се случува во РМ и она што треба да се оствари.

Исто така , кажав дека Буџетот за 2002 година, за РМ не нуди никаква надеж за надминување на двата основни проблеми кои се однесуваат на граѓаните на РМ , тоа не нуди економски развој и мини-мални услови за надминување на сиромаштијата во РМ и на основниот проблем за граѓаните, а тоа е вработувањето.

Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ мене ми е јасно дека сите овие факти сакаат да се имплементираат и во законот кој е основен акт за извршување на буџетот. За да се изврши Буџетот на РМ во 2002 година, треба да постои ваков закон и Владата на РМ менувајќи го секоја година овој закон, во овој закон нуди такви решенија. Зошто го тврдат тоа.

Тоа го тврдам прво затоа што Владата на РМ *со* овој закон и понатаму опстојува на враборувањето во РМ, тоа да биде врз партиска основа. Владата на РМ надвор од овој Парламент имаше донесено одлука на Владата, секое вработување на РМ да биде потпишувано од страна на канцеларијата на премиерот на РМ. Таквата одлука Уставниот суд два пати ја укинуваше, Владата повторно ја воведуваше, за да на крај Уставниот суд утврди дека еднаш се изјаснил по тоа прашаше и и наложата на Владата, согласно Законот за Влада, да ја изврши таа одлука . Владата на РМ незнам по кој пат одлуката на Уставниот суд ја стопираше и не му дозволуваше на "Службен весник" да ја објави таа одлука додека не го измени Законот за извршување на буџетот по итна постапка.

Што ќе се случува во РМ во 2002 година?

И покрај определувањето на средствата за секое министерство во развојниот дел, во делот на вработувањето, со овој закон министерот за финансии ќе треба да издава потврди дека му е дозволено вработување. Кај нас постои реално сомнени, врз основа на досегашното искуство, дека и понатаму ќе продолжат вработувањата по партиска линија, што значи заводите за вработување во РМ неможе да заверуваат ниедно вработување од министерствата и другите корисници на буџетски средства , до колку министерот за финансии не издаде писмено одобрение дека можат да ги пријават тие средства под форма дека се обезбедени, а средствата за развој за материјални трошоци ги утврдува овој Парламент. Тоа е едното гледиште.

Втор битен момент, што мислам дека намерите на Владата со овој буџет се такви како што претходно ги истакнував, тоа е распределбата на средствата и трансферот на средствата по одредени области и одредени дејности. Владата на РМ со овој закон трансферира средства во одредени области, додека во одредени гранки како што е во членот 20, средствата од раздел 09002-Трансфери за здруженија на граѓани, се користат врз основа на Владата на РМ по претходно распишан оглас и доставени барања со програми за што ке бидат потрошени средства, за да во наредниот член напуштајќи го овој концепт кој е исправен, бидејќи во РМ има повеќе здруженија на граѓани веднаш во членот 21-средствата за определени за трансфери на хуманитарните организации, Владата без никакви програми и јавни огласи, а на предлог на Министерството за финансии, што мислам дека е нелогично, нелогично е Министерството за финансии да ги распределува овие средства. Ова би сакал да го укажам.

Како претседател на Комисијата за труд и социјална политика често примам граѓани и претставници на хуманитарни организации кои се незадоволни од распределбата на тие средства и кои Парламентото во претходниот буџет ги зголеми. Луѓето , односно раководителите на тие хуманитарни организации не реагираат затоа што не добиле средства, туку реагираат на неправилниот начин на распределба на средствата, бидејќи нема оглас кој може да конкурира за тие средства и ги распределува министерот за финансии.

За надминување на ваквата состојба Комисијата за труд и со-цијална политика има предложено амандман на

овој закон.

За да продолжиме понатаму со ваквата политика на Владата во распределбата на трансферираните средства , во РМ подолг период и од претходната Влада една ставка за трансфери, која е определена и во овој закон, тоа е раздел 19301 Трансфери до јавни гласила, често пати сме сведоци дека трансферите во јавните гласила, односно до издавачите на весници и списанија се користат врз основа на одлука на Владата на предлог на Агенцијата за информации, без никакви критериуми, без никаков повик, а сакаме да развиваме независно новинарство.

Затоа, со колегата Љупчо Поповски предложивме амандман со кој предлагаме средствата до издавачите на весници да се распределуваат врз основа на јавен повик, врз основа на однапред определени критериу-ми од Агенцијата за информирање и врз основа на одлука на Владата.

На крајот би сакал да укажам, една од најголемите ставки, за која зборуваа и поголем број пратници, тоа се средствата од Телеком за инфраструктурни објекти, овој закон предвидува дека средствата од Телеком кои ги определил со списокот за намени овој Парламент, кои ќе се доделуваат врз основа на повик односно врз основа на програми И Захонот за јавни набавки при избор на изведувачи , ќе се доделуваат врз основа на завршни сметки и изведбени проекти, нема да ги доделуваат надлежните министри, туку со овој закон тоа право го зема министерот за финансии, незнам од кои причини од кој дел нема доверба во другите но кога ќе се завршат работите, кога стручни лица ќе определат дека работите се завршени, министерот за финансии ќе дели средства во износ од 240 милиони за 2001 и 2002 година, и тој ќе го дава налогот за исплата на овие средства.

Затоа, сметам дека амандманите треба да бидат прифатени од Парламентот и Владата да има еднаков поглед кон сите орисници и трансфери на средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за извршување на буџетот на РМ за 2002 година.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 6 9 пратеници, од кои 52 за, 15 воздржани и двајца против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

(по гласањеето)

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 56 за, 10 воздржано и двајца против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 21 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љубомир Поповски и Александар Гештаковски поднесоа амандман на член 30 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 21, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Аамндманот не се прифаќа.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во општиот претрес објаснив, само на кратко би кажал .

Средствата утврдени во разделот за трансфер и хуманитарни организации ќе се користат врз основа на одлука на Владата на предлог на Министерството за финансии. Така гласи решението во законот.

Комисијата за труд и социјална политика предлага овие средства за хуманитарните организации да се распредлеуваат на предлог на Министерството за труд и социјална политика. Со оглед на тоа што Министерството за труд и социјална политика ресорно ги покрива хуманитарните организации, тоа води грижа, тоа знае на кои организации и врз основа на кои критериуми да распредели

и нема да имаме незадоволство кај основачите на хуманитарните организации. Каква врска има Министерството за финансии со доделување на 60 или 70 милиони денари на хуманитарни организации? Врз основа на никакви критериуми, врз основа на волјата, дискреционо право на министерот.

До пратениците уште еднаш би апелирал, како претседател на ова работно тело често примам делегации кои се изјаснуваат дека не се незадоволни затоа што тие не примиле, но хуманитарна организација која не заслужува примила донација, а не примиле одредени други организации. Ги повикувам пратениците да го поддржат амандманот, а нејасно ми е зошто министерот за финансии не го поддржува овој амандман.

**МУХАМЕД ТАХИРИ:**

Почитуван претседатле, почитувани пратеници, јас мислам дека овој амандман треба да се прифати бидејќи тоа што го кажа Г. Гештаковски е во ред. Со тоа ќе има олеснување за хуманитарните организации има место да одат преку Министерството за финансии, тие да одат преку Министерството за труд и социјална политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го залучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, "за" гласале 38 пратеници, "воздржано" гласале 10 пратеници, "против" гласале 32 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 30, поднесен од пратениците Љубомир Поповски и Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжувамо со претрос по токстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претросот по текстот и Предлог законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, "за" гласале 59 пратеници, "воздржано" гласале 3 пратеници, "против" гласале 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Се враќаме сега на заклучокот што го предложи господинот Никола Поповски. По повод донесувањето на Буџетот на Република Македонија за 2002 година, пратеникот Никола Поповски му предлага на Собранието да го усвои следниот заклучок:

Прво, амандманот поднесен од група пратеници Димитар Бузлевски, Рубенс Намовски, Жарко Караџоски, Кирил Андоновски, Илија Илоски, Златко Стојменов, Трајко Гешоски, Томислав Петровски и Илија Пранговски под број 4070/30 од 27 декември 2001 година во форма која е поднесен и усвоен да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука, со цел истите да се запознаат со причините заради кои е усвоен од Собранието на Република Македонија и за да ја следат политиката на Собранието во делот за финансирањето на нижите музички и балетски училишта во Република Македонија.

Второ, овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

Ве молам да гласаме по овој предлог заклучок.

Вкупно гласале 79 пратеници, "за" гласале 47 пратеници, "воздржано" гласале 16 пратеници, "против" гласале 16 пратеници.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на четвртата точка од дневнот ред.

Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на

Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господинот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Пред да преминете на следната точка, сакам да обрнам внимание како процедурално.

За време на пренесувањето на амандманот кој се однесува на Буџетот на Разделот 13001 што се однесуваше на системот за обезбедување и пречиствување на дополнителните количини на вода за пиење за градот Прилеп, потпретседателот кој ја водеше седницата неадекватно ги прочита предлагачите, па со оглед на тоа за да се пренесе адекватно во тонскиот запис, сакам да ги прочитам уште еднаш и да остане веродостојно како што е.

Предлагачи на тој амандман беа Жарко Караџоски, Трајко Гешоски, Рената Керпичоска-Бошеска, Кирил Настески и Звонко Мирчески.

Молам тоа да се прифати како корекција во тонскиот запис.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам нека се спроведе тоа.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, "за" гласале 53 пратеници, "воздржано" гласале 5 пратеници, "против" гласал 1 пратеник.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има присутни 74, а еве и други влегуваат, според тоа утврдениот резултат важи.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Пред да преминете на следната точка, сакам да обрнам внимание како процедурално.

За време на пренесувањето на амандманот кој се однесува на Буџетот на Разделот 13001 што се однесуваше на системот за обезбедување и пречиствување на дополнителните количини на вода за пиење за градот Прилеп, потпретседателот кој ја водеше седницата неадекватно ги прочита предлагачите, па со оглед на тоа за да се пренесе адекватно во тонскиот запис, сакам да ги прочитам уште еднаш и да остане веродостојно како што е.

Предлагачи на тој амандман беа Жарко Караџоски, Трајко Гешоски, Рената Керпичоска-Бошеска, Кирил Настески и Звонко Мирчески.

Молам тоа да се прифати како корекција во тонскиот запис.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам нека се спроведе тоа.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, "за" гласале 53 пратеници, "воздржано" гласале 5 пратеници, "против" гласал 1 пратеник.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има присутни 74, а еве и други влегуваат, според тоа утврдениот резултат важи.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Јас ги молам пратениците да го следат текот на седницата и да гласаат кога молам да гласаат, инаку вака губиме време со пребројувањето.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, "за" гласале 71 пратеник, "воздржано" гласале 3 пратеници, "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен

предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 4, за додавање на нов член 5-а по членот 5 и за менување на член 6 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со прдтрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, "за" гласале 74 пратеници, "воздржано" гласал 1 пратеник, "против" не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година.

Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за целите и задачите на монетарната политика за 2002 година.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, "за" гласале 72 пратеници, "воздржано" гласале 4 пратеници, никој не гласал "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за целите и задачите на монетарната политика за 2002 година.

Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 2002 година.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, "за" гласале 74 пратеници, "воздржано" гласале 3 пратеници, "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 2002 година.

Минуваме на точката 7 - Предлог на Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Предлогот на завршната сметка и извештаите на работните тела на Собранието ви се доствени, односно поделени.

Отворам претрес во начело.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидајќи никј не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, "за" гласале 77 пратеници, "воздржано" гласале 4 пратеници, "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Минуваме на точката осум - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за царинската тарифа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и

извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за царинската тарифа.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, "за" гласала 75 пратеници, "воздржано" гласале 6 пратеници, "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, "за" гласале 76 пратеници, "воздржано" гласале 3 пратеници, "против" гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на Глава XX за менување на тарифниот подброј 200980, тарифната ознака "2009807100" за менување на тарифните ставови 2009807310, 2009807390 и на Глава XX тарифа под број 2009807100, за менување на тарифните ставови 2009809600 и 2009809700 и на Глава 1.XX11, тарифниот број 7208 и на тарифните ставови 7208371000, 7208381000 и 7208391000 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Илија Лазаров поднесе амандман на Глава XXVIII на тарифниот подброј 280519, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Борче Сибиновски поднесе амандмани на Глава XXIX на тарифниот број 2910 тарифната ознака 2910900000 од третата колона и на Глава XXXIX тарифниот број 3904 тарифната ознака 3904100000, во третата колона и на тарифните ознаки 3904210000, 3904220000, 3904300000, 3904400000, 3904501000, 3904509000, 3904610000, 3904691000, 3904699000 и на 3904900000, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Горанчо Лазов и Кирил Андоновски поднесоа амандмани на Глава XII тарифен број 1202, тарифен подброј 120510, тарифна ознака 1205109000. Во третата колона Глава XII тарифен број 1202, тарифен подброј 120600 тарифна ознака 1206009900, во третата колона и на Глава XII тарифен број 1207 тарифен подброј 120740 тарифна ознака 12074090000. Во трета колона по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Даневски поднесе амандман на Глава 70 тарифен број 7019 тарифен подброј 701919 тарифна ознака 7019320000 во трета колона, по кој Владата не се произнела.

Ве молам ќе гласаме нека седнат пратениците.

Отворам претрес по амандманто на Глава XII тарифен број 1202 тарифен подброј 120510 тарифна ознака 1205109000 во трета колона, поднесен од пратениците Горанчо Лазов и Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласаа 66 пратзници.

За гласаа 19 пратеници, воздржани 14 и против гласаа 33 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Глава 12 тарифен број 1202, тарифен подброј 120600 тарифна ознака

1206009900 во трета колона, поднесен од пратениците Горанчо Лазов и Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУПЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор. Горанчо Лазов.

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата. Знам дека трпението ви е при крај, сите сме заморени меѓутоа овие амандмани се од суштинско значење за стопанството во Република Македонија и јас би сакал подетално да образложам зошто барам да се намалат овие царински ставки. Мислам дека ова заслужува повеќе внимание од она кога незнам колку време се дискутираше за музичките училишта итн.

На Комисијата на која расправавме, претставниците од Министерството за финансии образложија дека овие амандмани не се прифаќаат од аспект на тоа што ќе се штитело односно ќе се стимулирало ве уверам дека тоа апсолутно не е точно и со овие високи царински стапки од 25% не се стимулира производството на овие маслодајни семиња во Република Македонија. Доколку Министерството за земјоделие би сакало да го стимулира зголемувањето на производството на овие маслодајни семиња, би требало да се формира некој фонд, или не знам што за да се добијат парични средства односно да се стимулираат производителите на овие маслодајни семиња. Инаку со овие царински стапки, искуството покажа, бидејќи со години наназад со овие високи царински стапки наместо да се зголемува односно стимулира производството на овие маслодајни семиња, напротив опаѓа.

Јас можам да ви кажам дека во последните две години фабриката за преработка на сончоглед Благој Ѓорев има откупено испод 4 илјади тони сончоглед, за разлика од пред 10 години кога Република Македонија произведувала до 40 илјади тони сончоглед, што кажува дека заштитата односно високите царински стапки не го стимулираат производството на сончоглед, туку напротив производствот на овие маслодајни семиња се намалува.

Исто така имам укажувања, доколку би се смалиле царинските стапки, другите производители односно оние што преработуваат сурово масло би биле загрозени. Тоа не е апсолутно точно затоа што со сегашнава состојба, при немање на домашна суровина, ние производителите сме принудени да увезуваме сурово масло односно полупроизвод, наместо да увезуваме сончоглед односно суровина. Значи полека нашето производство односно сите овие фабрики не се стимулират, туку напротив се доведуваат во една состојба да увезуваат полупроизводи, што исто така за Република Македонија е неповолно. Доколку би се намалила оваа царинска стапка, тогаш јас ве уверувам дека единствената фабрика за производство односно преработка на сончоглед во сурово масло, би можела дури и да извезува сурово масло во соседните земји односно во соседна Албанија, бидејќи нашата фабрика имала искуство односно извезувала сурово масло во Албанија. Исто така да кажам дека е неповолна оваа царинска стапка од 25% затоа што досега немаме увоз на сончоглед во Република Македонија и буџетот нема никави приходи преку царината. Затоа јас барам поддршка од пратениците, овие три амандмани, бидејќи систе се слични, да бидат изгласани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека би била катастрофална грешка ако пратениците го прифатат овој амандман, а дозволете да објаснам од кој причини:

Пратеникот цело време зборува тука дека, поради тоа што немало увоз на сончоглед во Република Македонија, затоа немало фискални приходи во буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, логиката во овие тарифни позиции е сосема друга. Овде царината се појавува во улога на заштитната функција што ја има како економски механизам. Воопшто не се работи за фискален приход, туку токму како заштитен механизам на домашното земјоделско производство. Од друга страна мора да се спомне дека во истата тарифна позиција, претходниот пратеник што зборуваше не го спомна тоа дека

увозот на семенски материјал за сончогледово семе е само 3%, што значи токму во таа улога се преферира развој на земјоделството во овој сегмент, што како што самиот пратеник спомна, било тоа во некои добри времиња во Република Македонија, скоро 40 илјади тони.

Ако ние прибегнеме кон спуштање на стапките на 25% на 3% и го сведеме целокупниот увоз на сончоглед за производство на масло за јадење во Република Македонија на 3%, тогаш би направиле катастрофална ситуација во сегментот на земјоделието со што во никој случај министерот за земјоделие со тоа не би се согласил. Затоа не би требало да се прибегне, иако јас го разбирам пратеникот, има овде можеби лични интереси, инаку е директор на фабриката на масло во Велес. Меѓутоа, цатинската тарифа како една суптилна материја не може да биде израз на нечии желби. Затоа би ги замолил пратениците да не го поддржат овој амандман затоа што би предизвикал поголеми дисторзии во еден друг сегмент на целокупниот економски систем во Република Македонија, поготово во земјоделието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Горанчо Лазов.

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

На почитуваниот колега веднаш да му одговорам дека немам никакви лични интереси. Напротив, се работи за една фирма која до пред две години беше единствен производител на масло за јадење во Република Македонија. Немам никакви лични интереси, уште еднаш ќе повторам. Напротив интересите се за 500 вработени во фабриката за масло Благој Ѓорев која е ставена во една нерамноправна положба односно нелојална конкуренција од другите производители или полначи на масло.

Јас сакам да ве уверам дека оваа проблематика не ви е позната господине Илоски. За другите проблематики можеби сте подобро запознаени. Таму во тарифата е 2% за сеидба. Меѓутоа Благој Ѓорев е единствена фабрика која купува сончоглед во Република Македонија. Јас можам да ви гарантирам, не дека јас сум директор во Благој Ѓорев, меѓутоа кој и да биде нема да понуди повисока цена од онаа што е на берзата односно на светските пазари. Сигурно нема да понуди. Зошто? Затоа што фабриката би се ставила во една нерамнорпавна положба во однос на другите кои не произведуваат масло од сончоглед, туку увезуваат сурово односно често пати рафинирано масло. Затоа и ние го бараме ова, да се тргне царината а нема опасност за другите производители кои увезуваат само сурово масло, затоа што тие би можеле да купуваат од нас, нормално од Македонија, како единствени производители на сурово масло. Тогаш не би требало да даваме девизи за сурово масло, нормално цените би биле конкурентни. Со еден збор сега сме сведени на тоа со 1 % царина да увезуваме масло од Србија, од Украина или од Аргентина. Исто така се увезува и оној нуз производ од сончогледот што служи за производство за сточна храна. Со тоа, доколку би се дозволил увоз на сончоглед, би го добиле и тоа за сточна храна, нема потреба да се увезува.

Јас мислам дека оваа проблематика треба пошироко да се образложи. Јас сум разговарал и со комбинатите во Република Македонија. Едини комбинат кој произведува сончоглед, мислам најголем во Република Македонија е ЗИК Пелагонија. Другите комбинати или се многу малку застапени, или се пред распаѓање. Дури и нашиот комбинат од Велес, комбинатот Лозар кој оваа година имаше насеано околу 600 хектари сончоглед, директорот ми кажа дека оваа година нема интерес да сее сончоглед, затоа што цената е ниска.

Не е проблемот во царините. Проблемот е да се стимулираат земјоделците. Треба да се измисли некој фонд или не знам што, да се зголеми таа цена. Меѓутоа, пак ќе повторам Благој Ѓорев нема можност да плаќа поскапа цена, токму поради конкурентноста во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Веројатно погрешно се разбравме. Кога јас реков лични интереси, мислев на интересите на фабриката каде што тој е директор. Јас целосно ги респектирам интересите на тие 500 вработени. Меѓутоа ако се направи една елаборација ќе се покаже дека интересот кај другата страна се однесува сигурно на минимум 5000 луѓе кои се занимаваат или би требало да се

стимулираат за да се занимаваат.

Исто така, би му укажал на господинот Лазов дека во Република Македонија компаративна предност е земјоделието, а не производството на масло. Затоа во никој случај не треба да се прибегне кон спуштање на стапките кон овој дел и токму во функција на заштита тие треба да останат такви какви што се предложени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави Горанчо Лазов.

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Јас се согласувам со колегата пратеник и немам ништо против производството, односно против земјоделците. Изгледа погрешно ме сваќа колегата пратеник. Изгледа треба да се измисли друг начин за да се стимулираат земјоделците. Јас би го прашал доколку фабриката Благој Ѓорев не го откупи сончогледот во Република Македонија, што би се случило тогаш. Да го извезат неможат затоа што во соседните земји цената е поевтина од кај нас. Тогаш што би правеле земјоделците? Потполно би се уништило производството на овие култури во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас уште еднаш ќе напомнам дека овде не треба да имаме претензии, еден друг да се убедуваме. Суштината на Парламентот е да се искажат различни мислења.

Еве пак господинот Илоски нека каже, но очигледно нема да се убедите.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Без намера да го убедам колегата пратеник, меѓутоа кога веќе ме провоцира да му кажам.

Ако тој веќе бара начин на стимулација, тој е пратеник од партијата на власт и треба да се обрати до неговиот министер за земјоделие.

Второ, тој е директор на фабриката за масло и негов витален интерес е да се произведува сончоглед во Република Македонија, па може од фондовите на сопствената фирма тој да определи некои стимулации и да ги стимулира земјоделците, за да дојде до попродуктивно производство во неговата фирма.

Друго би го прашал што би се случило ако немаме заштитни царини и на маслото и граѓаните на Република Македонија да не купуваат масло од фабриката каде што тој е директор. Затоа немојте секогаш висината на царинската стапка да ја гледате чисто како фискален инструмент. Овде е друга логиката и затоа така треба да остане.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 70 пратеници.

За гласаа 38 пратеници, воздржани 8 и против гласаа 24 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Глава 1.2 тарифен број 1207.

За збор се јавува пратеникот Горанчо Лазов.

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Се сомневам во гласањето и барам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат. (Има).

Го молам секретаро на Собранието да излезе и да изврши поединечно

гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИК ЧУКАЛИЕВА:**

| | |
|---|---|
| ЈОНУЗ АБДУЛАИ | отсутен |
| АБДУРАХМАН АЛИТИ | отсутен |
| АБДУЛА АЛИУ | воздржан |
| ЌАМИ АЛИУ | за |
| МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | против |
| СТОЈАН АНДОВ | воздржан |
| КИРИЛ АНДОНОВСКИ | за |
| МАГДАЛЕНА АНТОВСКА ВЕЛЕВСКА | против |
| ЉУПЧО АНУШЕВ | за |
| АМДИ БАЈРАМ | отсутен |
| ДЕМУШ БАЈРАМИ | отсутен |
| ФАДИЛ БАЈРАМИ | отсутен |
| ДИМИТАР БАТКОСКИ | против |
| МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | отсутен |
| ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | отсутна |
| ЈОРДАН БОШКОВ | отсутен |
| ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | отсутен |
| АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | отсутен |

| | |
|---|---|
| СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | за |
| ВАСИЛ ГАЏОВСКИ | за |
| МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | воздржан |
| ТРАЈКО ГЕШОСКИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ | воздржан |
| ПЕТАР ГОШЕВ | отсутен |
| СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |
| ЗАМИР ДИКА | за |
| ВАНЧО ЃОРЃИЕВ | отсутен |
| ИЛИЈА ЃОРГИЕВ | против |
| ФАТМИР ЕТЕМИ | за |
| ВАСИЛ ЕФТИМОВ | за |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | отсутен |
| ЉУБИСАВ ИВАНОВ – ЅИНГО | отсутен |
| МИРКО ИВАНОВ | отсутен |
| ИЛИЈА ИЛОСКИ | против |
| ДЕЛЧЕ ИЦКОВ | отсутен |
| ЖАРКО ЈАНКОВСКИ | воздржан |
| НИКОЛА ЈОВАНОВ | отсутен |
| ВЕСНА ЈОВАНОВСКА | отсутен |
| МАРИКА ЈОРДАНОВА | за |
| НАЗМИ КАДРИУ | отсутен |
| РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ | против |
| ЖАРКО КАРАЏОСКИ | против |
| РЕНАТА КЕРПИЧОВСКА – БОШЕСКА | за |
| МИТКО КИРОВ | отсутен |
| ЛАЗАР КИТАНОСКИ | отсутен |
| САВО КЛИМОВСКИ | отсутен |
| СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ | воздржан |
| ИЛИЈА ЛАЗАРОВ | за |
| ГОРАНЧО ЛАЗОВ | за |
| БИЛАЛ ЉУТФИИ | отсутен |
| ЈАНИ МАКРАДУЛИ | против |
| ВАСЕ МАНЧЕВ | за |
| НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ ДИМОВА | за |
| ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| ДИСПИНА МАРКОВСКА | воздржан |
| ЗВОНКО МИРЧЕСКИ | за |
| ДРАГАН МИТЕВСКИ | воздржан |
| КИРИЛ НАСТЕСКИ | отсутен |
| РУБЕНС НАУМОВСКИ | за |
| ГОРАН НЕВЕНОВСКИ | отсутен |
| ЛАТИФ ПАЈКОСКИ | отсутен |
| АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ | отсутен |
| ВАНЧО ПАНЧЕВ | за |
| ИЛИЈА ПЕМОВ | за |
| ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| ЧЕДО ПЕТРОВ | за |
| ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ | за |
| АЗИС ПОЛОЖАНИ | отсутен |
| СТОЈАН ПОПОВ | за |
| ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | отсутен |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| ИЛИЈА ПРАНГОСКИ | за |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | отсутен |
| ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ | отсутен |
| НЕНАД РИСТОВСКИ | за |
| АЦЕ САЈКОВСКИ | за |
| АСЛАН СЕЛМАНИ | против |
| АЦЕ САЈКОВСКИ | за |
| АСЛАН СЕЛМАНИ | против |
| БОРЧЕ СИБИНОВСКИ | за |
| ВАНГЕЛ СИМЕВ | против |
| РИСТО СПАНАКОВ | за |
| КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ | отсутен |
| ЃОРЃИ СПАСОВ | отсутен |
| МИЛАН СТАВРЕВ | за |
| НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | отсутен |
| ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ | отсутен |
| БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ | отсутен |
| ВЛАДО СУГАРЕВСКИ | за |
| ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| МУХАМЕД ТАИРИ | против |
| АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ | воздржан |
| МЕВЉАН ТАХИРИ | за |
| МИТКО ТИЛЕВСКИ | воздржан |
| ГОРЃИ ТОДОРОВ | отсутен |
| РИСТО ТОДОРОВ | отсутен |
| ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ | за |
| ПАНДЕ ТОМОВ | за |
| КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| ГОРАНЧО ТРАЈКОВ | за |
| ТАНАС ТРАЈКОВСКИ | отсутен |
| 105.АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ | за |
| БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ | против |
| СЛОБОДАН ЌОСЕВ | отсутен |
| ТАКИ ФИТИ | отсутен |
| АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| ИЛЈАЗ ХАЛИМИ | отсутен |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | отсутен |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | отсутен |
| КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА | отсутен |
| БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | отсутен |
| МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ | за |
| ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | отсутен |
| АРБЕНЏАФЕРИ | отсутен |

ШАХИЌАЛИЈА отсутен
РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА отсутен

Дали има некој не го искористил правото на гласање?
ЈОНУЗ АБДУЛАИ - против

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале вкупно 70 пратеници. За гласале 40 пратеници. Против гласале 17 пратеници. Воздржано гласале 13 пратеници. Констатирам дека амандманот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на Глава 28 на тарифниот подброј 280519, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на Глава 29 на тарифниот број 2910, тарифната ознака 29109000. Од тарифната колона, поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? Господини Сибиновски бара збор.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на Глава 39 на тарифниот број 3904, тарифната ознака 39041000 по третата колона и на тарифните ознаки 3904210000, 3904220000, 390430000, 390440000, 3904501000, 3904509000, 3904610000, 3904691000, 3904699000 и на 3904900000, поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на Глава 70, тарифен број 7019, тарифен подброј 701919, тарифна ознака 7019320000. Во трета колона, поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збо? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 48 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, еден пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за царинската тарифа.

Минуваме на точка девет - Предлог на одлука за потврдување на годишната сметка на Народна банка на Република Македонија за 2000 година.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Ве молам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 55 пратеници, никој не гласал воздржано, против гласале 2 пратеници.

Ве молам, да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

Веднаш да утврдите точен број на присутни пратеници во салата.

Имало само 58 пратеници, а сега има 61 пратеник присутен во салата.

Затоа, молам, нека влезат пратениците во салата, за да имаме повеќе пратеници, бидејќи ќе мораме да го повториме гласањето.

Молам пратениците да влезат во салата.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Имаме доволен број присутни пратеници во салата.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 65 пратеници, 1 пратеник гласал

воздржано, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за потврдување на годишната сметна на Народната банка на Република Македонија за 2000 година.

**Минуваме на точка 10** - Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народна банка на Република Македонија за 2001 година.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, 61 пратеник гласал за, 3 пратеници гласале воздржано, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на финансискиот план на Народна банка на Република Македонија за 2001 година.

**Минуваме на точка 11** - Предлог за донесување закон за супервизија на осигурување, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на Законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Вио се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор?

Господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници!

Би сакал да обрнам внимание на следново, пред нас е доставен од страна на Владата Предлогот на закон за донесување на закон за супервизија на осигурувањето, со Предлог на закон, закон кој Владата го достави согласно одредбите на Деловникот, да се донесе во скратена постапка. Со оглед дека овој предлог не кореспондира со целта на донесување по скратена постапка, за што има одредби во Деловникот ... (во салата нема услови за работа, бидејќи сите пратеници гласно зборуваат и пратеникот Поповски не се слуша што зборува).

Претседателе, јас се повлекувам од дискусијата, пошто мислам дека ова Собрание на никој ништо не му значат зборовите, никој не слуша и само се гласа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Поповски, сите напори ги вложувам за тоа се да биде во ред, но, што да правиме.

Јас сакам уште еднаш да Ви кажам, ова сега е со него на овој начин го кажа, мислам сите го чувствувате кога имате збор. Меѓутоа, веднаш го заборавате кога друг зборува. Тоа не е добро. Мислам дека ќе ни значеше на сите да ги укаже забелешките, бидејќи тој е координатор на една група и тоа значаен на најголема опозициона група. Јас би го замолил господинот Поповски да доврши и ве молам за тишина.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не настапувам во име на пратеничката група, меѓутоа, имам впечаток дека не се слуша, џабе разговараме.

Имено, Предлогот за донесување на закон за супервизија на осигурувањето, обратно на она што е напишано од страна на Владата да се донесе по скратена постапка е сосема обратен случај.

Овој закон е сложен закон, уредува сложена материја и се работи за долг закон од 250 и кусур членови. Значи, не се работи за материја која не е сложена и за закон кој е краток за да го донесеме во постапка денеска во двете фази и Предлог за донесување и Предлог закон.

Имајќи ги предвид овие работи и Комисијата за финансии му препорачува на Собранието законот да се донесе денес во првата фаза и да ја задолжи Владата да се врати назад. Владата ова не го прифати на Комисијата за финансии и со надгласување тој заклучок се усвои, меѓутоа, еве само да кажам за што, всушност се работи.

Ние од оваа Влада често се случува да добиваме закони по итна или по скратена процедура да ги донесуваме со одредби кои ќе важат од по шест месеци и после, еве, и денешната седница така ни започна. Законот за платен промет и другите. Во тие шест месеци уште пет пати ќе го смениме законот со цел да го усогласиме непосредно пред започнувањето. Сега, пратениците го добија овој закон заедно со илјадници други страни и целото внимание на сите пратеници, што е природно, беше

фокусирано на пакетот на економските закони за 2002 година, Законот за буџетот, монетарниот и други, затоа што е обемна материја.

Овој закон помина во сенка. Никој објективно во оваа ситуација не може да се посвети на гледање на овој закон внимателно и да знае што одлужуваме. Владата, претпоставувам дека имала 6,7 месеци работа и сега мисли дека Собранието треба да го следи тоа што она го направила, меѓутоа, Собранието има сопствен механизам на функционирање. Затоа, предлагаме, законот да се усвои во првата фаза, а да се препорача на Владата во процедура, која веројатно ќе одземе уште еден месец, да се донесе во втората фаза. Повторувам дека Владата тоа не го прифати и инсистира да се донесе така. Веројатно, ќе го донесе мнозинството, меѓутоа, јас сум должен да упатам на фактот дека тоа е така.

Второ, што би сакал да кажам, господине претседателе, ние ја немаме доврршено 88-та седница на Собрание на Република Македонија, на чиј дневен ред на таа седница која е недовршена, меѓу другото има исто така еден предлог закон од Владата кој гласи: Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Закон за осигурување со Предлго на закон. Значи, Владата нас во септември ни достави закон, со кој треба да се променат некои одредби во Законот за осигурување. Тој не успеа да стигне на дневен ред, сега ни нуди нов закон. Ако го видиме, пак, овој нов закон што ни е понуден, колку пати тој од оваа Влада исто донесен или променет, ќе сватиме дека ние често законите ги носиме на таков начин што после веднаш бараа промена.

Јас ве уверувам во едно, колку и да се работи за измена на закон, кој е во една форма за во друга на Собранието мора да му се даде простој да ги разгледа и своите аргументи за тоа што е тоа што се случува во сверата на осигурувањето, затоа што Владата си има една диоптрија, ние си имаме друга диоптрија. Владата консултирала осигурителни компании и експерти, ние како пратеници ја имаме истата потреба. Второ, за Законот за осигурување не важи само да се консултираат сегашните осигурителни компании, затоа што тој закон овозможува и влез на пазарот за осигурување. Така што, од разни причини сметам дека на Собранието едноставно треба да му се даде можност овој закон, не во процедура кога се гледаат буџетот со уште 10-тина или 15 други закони каде цело внимание е посветено таму, туку да се даде простор уште еднаш да го погледаме посериозно и со должно внимание на вака сложен закон.

Затоа, апелирам тоа да се почитува.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници!

Јас сум, исто така, член на Комисијата за финансирање и буџет и тема на разгледување беше на нашата комисија како матична и според мене ќе го изнесам она истото кое што го кажав и на Комисијата.

Сметам дека треба да се донесе овој закон така како што предлага Владата од следните причини. Оваа облас е непокриена со закон и според мене е подобро да има некаков закон, ако воопшто има некои фалинки понатаму, тоа да се корегира во од, отколку да остане така како што е сега. Затоа што, според нашата опозиција, ќе испадне дека колку е полошо во таа област, толку подобро. Меѓутоа, мора да има слух Собранието, за да може да се стартува од новата година, јас еве, го поддржувам мислењето на претставникот на Владата на таа Комисија, да може да се стартува во наредната година со закон. Но, има и други задни цели што се кријат зад ова што го предлага Никола, меѓутоа, тие во друга прилика ќе ги кажеме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Јас би замолил, сепак овој закон да биде прифатен за расправа и доколку е можно да биде донесен од неколку причини:

1. Законот ни е важен за усогласување со Договорот за асоцијација и стабилизација со ЕУ.

2. Подготвуван е во соработка со неколку меѓународни организаци од Германија, од Словенија,

домашни експерти, Полска исто така, беше
во процедура во Собранието во Комисии и немаше некој што беше против
или воопшто немаше.

Предлогот беше добро претресуван. Осигурителните куќи го добија го разгледаа, имаа одредени забелешки и повеќето од нив прифативме. Веројатно некои не сме прифатиле. Така што, можам да кажам дека помина една прилично важна, стручна расправа надвор од Парламентот и внатре во Парламентот. Исто така е прегледуван и рабоен со меѓународни експерти.

Со оглед на тоа што Парламентот во оваа година веројатно ќе бие и во следната година, ќе биде претрупан со закони пред се од политички карактер, како законот за локална самоуправа, па ќе дојде за финансирање на локалната самоуправа, па министерот за локална самоуправа најавува смена уште на 80 закони поврзани со имплементација на Рамковниот договор, така што тоа се главните мотиви што не принудуваат,понекогаш во последно време да одиме со една фаза, почесто да предлагаме закони во една фаза.

Би замолил заради подобрување на условите во оваа професија и заради подобрување на пазарот и на слободното инвестирање во оваа дејност да прифатиме денеска, да прифатиме да го разгледаме иако е можно да го донесеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Го повикувам, прво пратеникот Лазаров да ги соопшти тие задни намери што ми ги припиша, а не ги соопшти. Затоа што се соопштуваат тешки зборови *со* многу лесна...

Господине министре, јас би сакал да го соопштам следново, вие нудите сосема нов закон за осигрување со одредба дека тој ќе стапи на сила осмиот ден од објавувњето. Сите прилагодувања треба да се направат веднаш после тоа. Тоа е една работа. Тоа е членот 252 кој вели дека овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето и има други одредби за примена.

Тоа значи дека со првото влегување во процедура на овој закон целата сфера на осигурување во Македонија ќе мора да се прилагоди така како што се прилагоди пред неколку месеци кога се донесе другиот закон и како што пред тоа се прилагоди кога се изврши продажбата на ЗОИЛ "Македонија" во "Хјуби Македонија".

Втор доказ дека овој закон ќе ја следи судбината на тие закони што постојано ќе се доработуваат, затоа што не е созреан, е фактот дека самата Влада во текот на завчерашниот ден, месец дена откако го достави Законот до Собранието, самата поднесе уште десет амандмани Еве ги, потпишани формално од Горанчо Лазов и од Милан Ставрев, меѓутоа сите сме свесни дека министерот ги достави преку нив технички и дека денеска ќе ги усвои без никаква дискусија, што не е прв пат.

Јас ве уверувам, одложете го законот,ставете го на 1 февруари на расправа во Собранието, во тој момент од Владата ќе ни дојдат уште десет амандмани, затоа што ќе согледаат уште десет работи во законот. Впрочем, сите закони што ги носиме така, во една постапка ќе доживуваат на крајот постојани измени и дополнувања.

Погледнете ги претседателе, да ги погледаме сите дневни редови со економски закони, особено што доаѓаат од Министерството за финансии во последните 12 месеци, минимум десет закони на по пет седници се појавуваат истите. Има десетина-петнаесетина закони што се нон стоп истите. Тие, па тие. На секоја втора седница. Зошто? Затоа што се предлагаат преку трупа, по итна процедура се усвојуваат и после еден месец има куршлус во спроведувањето. Измена и дополнување. После два месеци нов проблем, пак измена и дополнување. Споредете ги дневните редови. И на оваа и на претходната и на претходната седница нон стоп имаме дежурни десетина закони. Ова станува еден од дежурните закони во Собранието на Република Македонија исталио со некрја революција. Само што тие треба да работат.

Второ, условите за работа во осигурителната сфера ги утврдува Собранието на Република Македонија. Не ги утврдуваат осигурителните компании. Ако вие ги консултирате прерботувачите на сончоглед какви да бидат царините за сончогледот, ќе го добиете тоа што го добивме пред десетина минути. На преработувачите на сончоглед им одговара царината на сончогледот да биде 3%, а е берзански производ. Значи колку

е на берзата, таму каде што се наоѓа со 3% ќе влезе во Македонија. А сега, објаснете вие на производувачите на сончоглед во Македонија зошто е така.

Истото е и со Законот за осигурување. Ако ги прашате фирмите што се бават со осигурување, тие ќе ги издиктираат овде најдобрите услови. Меѓутоа, за влез во тој бизнис и за работа во тој бизнис општите услови што се уредуваат со овој закон ги утврдува ова Собрание. Јас, како претседател на Комисијата одговорно тврдам дека ниту ние, ниту другите пратеници што ги консултирав немаа можност да навлезат сериозно во овој закон затоа што се работи за сложен и обемен закон. А, за сложен и обемен закон ова Собрание има Деловник со важност на закон што кажува дека се гледа во две или три процедури. А, ако законот не е сложен и обемен, во скратена постапка. Нека повели било кој член на Владата да ме увери дека Законот за супервизија на осигурувањето не е сложен и обемен закон за да ние го протрчаме така. Во ред. Донесете го законот. Меѓутоа, јас ве уверувам дека праксата покажува дека овој начин на работа на Собранието е невалиден. Тој има само легалитет, меѓутоа нема легитимитет. Ќе ги објавиме во Службен весник и после ќе трчаме зад нив.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Сакам да кажам само неколку реченици во врска со овој исклучително принципиелен пристап што го покренува господинот Никола Поповски.

Се разбира дека е потребен законот и добро е од Нова година да имаме таков закон. Мегутоа, господинот Поповски предлга едно прашање што се однесува на дигнитетот на Парламентот, достоинството на Парламентот на уставната позиција на Парламентот на односот Парламент извршна власт. Во кој однос вие, пратениците во овој Парламент направивме овој Парламент да биде тоа што не е и што не треба да биде.

Ке ве потсетам, сите знаете, во Уставот има една одредба што вели дека законите во итна постапка се носат само во исклучителни случаи. Мислам дека тој збор е употребен. А, ние знаеме овде дека исклучителен случај стана влегување на закони по нормална процедура. Сите, 90% од случаевите, можеби и повеќе се по итна постапка.

Извршната бирократија, се разбира, самата определува свое темпо на работа. Таа извршна бирократија сака да му го наметне темпото на Парламентот. За жал, таа успева да наметне такво темпо иако и ние не се прославивме во многу случаи кога требаше ние да бидеме поефикасни. Меѓутоа, заради достоинството на Парламентот е барем еднаш овој Парламент да каже доста со закони по итна постапка. Доста, нека почнат да доаѓаат закони во нормална процедура. Така што само тој аргумент е доволен да се прифати сугедстијата на господинот Поповски.

Се разбира, оние образложенија што се даваат - законите не се сложени, не бараат дополнителни финансиски средства, законите се кратки и заради тоа треба по итна постапка да се донесуваат, усвојуваат, се крајно неиздржани. Има закони со три членови, два, пет членови што обработуваат многу сложена проблематика. Да не зборувама за закони што опфаќаат многу, многу одредби. Точна е забелешката дека во мноштвото прописи што се насобраа дека вниманието не можеше да биде доволно ставено на овој закон и не само на овој закон, туку на уште други што ќе поминат денеска.

Затоа нема да загуби проблематиката ако овој исти закон само по месец дена помине во Собранието на Република Македонија, со уште едно претресување од страна на комисиите,на Парламентот. Така што лично би ја поддржал идејата на господинот Поповски. А, би ја поддржал пред се заради дигнитетот на Собранието.

Благодарам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за супервизија на осигурувањето.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 46 пратеници, воздржа но гласале 10 пратеници, против гласале 13 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 38 пратеници, воздржа но гласале 7 пратеници, против гласале 21 пратеник.

Констатирам дека не е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ке оди во две фази. Ништо страшно. Нема проблем што ќе оди во две фази. Усвоен е предлогот за донесуван е и треба да се направи нацрт па да дојде повторно на Собранието. Се е во ред. Министерот така вели. Молам,во ред е. Амандмани сега нема. Амандмани после.

Бидејќи Собранието не го усвои предлогот на оваа седница да го претресе и Прелдогот на законот,на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собрнаието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии. Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 60 пратеници гласале за, 1 пра-теник гласал воздржано, 2 пратеници гласале против. Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен. Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сега, овој закон за супервизија за осигурување дали помина?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Помина предлогот да се донесе закон. Сега ќе ни изготвите предлог на закон.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ама, Владата предложи да оди во една фаза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, ама предлогот не ви се усвои.

Ке го изготвите брзо.

Дали некој бара збор во врска со претресот по предлогот за донесување на Законот за данокот на добивка? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за донесување на закон за данокот на добивка.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 55 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против не гласал никој.

Молам, службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Молам, пратениците нека влезат во салата бидејќи има само 59 пратеници.

Бидејќи нема доволен број пратеници, денеска прекинуваме со работа, а ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,15 часот).